# СЛУЖБЕ
## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТ

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словенечки и македонски јазик. — Огласи според тарифата — Жиро-сметка кај Службата на општественото книговодство за претплата, посебни изданија и огласи 606-3-291-2

Среда, 24 јули 1968
БЕЛГРАД
БРОЈ 30 ГОД. XXIV

Цена на овој број е 1,80 динари. — Авонтацијата на претплата за 1968 година изнесува 60.— дин. — Редакција: Улица Јована Ристића бр. 1. Пошт фах 226 — Телефони: централа 50-931, 50-932, 50-933 и 50-934; Служба за претплата 51-732, Продавна служба 51-671


**365.**

Врз основа на членот 217 став 1 точка 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, издавам

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АВТОРСКОТО ПРАВО

Се прогласува Законот за авторското право, што го усвои Сојузната скупштина, на седницата на Сојузниот собор од 19 јули 1968 година и на седницата на Просветно-културниот собор од 17 јули 1968 година.

ПР бр. 704
20 јули 1968 година
Белград

Претседател,
на Републиката,
**Јосип Броз Тито**, с. р.

Претседател
на Сојузната скупштина,
**Милентие Поповиќ**, с. р.

## З А К О Н
## ЗА АВТОРСКОТО ПРАВО

### Глава I
### УВОДНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Авторите на литературни, научни и уметнички дела имаат посебни овластувања (авторско право) во поглед на своите духовни творби (авторски дела).

Член 2

Авторските дела на југословенските државјани објавени во Југославија или во странство, како и делата што не се објавени, уживаат заштита според овој закон.

Необјавените дела на странски државјани што првпат се објавуваат во Југославија, уживаат заштита според овој закон како и делата на југословенски државјани.

Делата на странски државјани што не се објавени првпат во Југославија, уживаат заштита според овој закон во рамките што Социјалистичка Федеративна Република Југославија ги има применo со меѓународните договори или и врз основа на фактичниот реципроцитет.

### Глава II
### АВТОРСКО ДЕЛО И АВТОР

#### 1. Авторско дело

Член 3

За авторско дело се сметаат духовните творби од областа на литературата, науката, уметноста и други области на духовното творештво, без оглед на видот, начинот и формата на изразувањето, ако со овој закон не е определено поинаку.

За авторско дело се сметаат особено:
— пишани дела (книги, брошури, статии и други написи);
— говорни дела (предавања, говори, беседи и други дела од иста природа);
— драмски и драмско-музички дела;
— кореографски и пантомимски дела чиешто претставување е утврдено писмено или на некој друг начин;
— музички дела, со или без зборови;
— кинематографски дела и дела создадени на начин сличен на кинематографијата;
— дела од областа на сликарството, вајарството, архитектурата и графиката, без оглед на материјалот, како и другите дела на ликовните уметности;
— дела на сите гранки на применетите уметности и индустриското обликување;
— фотографски дела и дела произведени со постапка слична на фотографијата;
— картографски дела (географски карти, топографски карти и сл.);
— планови, скици и пластични дела што се однесуваат на географија, топографија, архитектура или некоја друга научна или уметничка област.

Член 4

Како авторско дело се подразбираат и збирки на авторски дела, како што се енциклопедии, зборници, антологии, музички и фотографски збирки и сл., кои со оглед на изборот и распоредот на граѓата претставуваат самостојни духовни творби.

Како авторско дело се подразбираат и збирки на народни литературни и уметнички творби, на документи, судски одлуки или друга слична граѓа кои по себе не претставуваат заштитени авторски дела, ако тие збирки со оглед на изборот, распоредот и начинот на излагањето на граѓата претставуваат самостојни духовни творби.

Со одредбите на ст. 1 и 2 од овој член не се засега во правата на авторите на одделни дела од кои се составени тие збирки.

Член 5

Преводите, приспособувањата, музичките обработки и другите преработки на авторско дело се заштитени како и изворното дело.

Таква заштита уживаат и преводите на официјалните текстови од областа на законодавството, администрацијата и судството, ако тие преводи не се направени заради службено објавување и не се како такви објавени.

Со одредбата на ставот 1 од овој член не се засега во правата на авторот на изворното дело.

Член 6

Употребата на народните литературни и уметнички творби заради литературно уметничко или научно обработување е слободна.

Член 7

Насловот на делото е заштитен според овој закон како и самото дело.

Не е допуштено за наслов на дело да се зема веќе употребен наслов за некое авторско дело од

ист вид, ако таквиот наслов би можел да предизвика забуна во поглед на авторството на делото.

### 2. Автор

Член 8

Автор на делото е оној што го создал делото.

За автор се смета оној чие лично име или псевдоним е означен на делото, додека не се докаже спротивното.

Член 9

Автор на збирка на авторски дела е оној што ја составил збирката.

Автор на превод, како и на приспособено, музички обработено или на друг начин преработено авторско дело е оној што тоа дело го превел, приспособил, музички обработил или на друг начин преработил.

Оној што создал литературно, уметничко или научно дело со употреба на народни литературни или уметнички творби, е автор на така создаденото дело.

Член 10

Ако делото создадено со соработка на две или повеќе лица прави неделива целост, на сите соработници на создавањето на тоа дело им припаѓа неделиво авторско право.

Уделите на одделните соработници се определуваат сразмерно со фактичниот придонес што секој од нив го дал во создавањето на делото ако меѓусебните односи на соработниците не се уредени со договор поинаку.

Ако делото создадено со соработка на две или повеќе лица не прави неделива целост, секој соработник има авторско право на својот придонес.

Член 11

Авторското право на анонимни дела и на дела издадени под псевдоним, чиј автор не е познат, го врши издавачот на делото.

Авторското право на необјавени дела чиј автор е непознат, го врши соодветната организација на авторите.

Одредбите од ст. 1 и 2 на овој член престануваат да се применуваат кога ќе се открие идентитетот на авторот.

Член 12

Покрај авторот, носител на авторското право може да биде и лице на кое врз основа на закон, тестамент или договор му припаѓаат сите или одделни авторскоправни овластувања кои според овој закон можат да се пренесуваат.

Авторскоправните овластувања што овој закон му ги признава на авторот, му припаѓаат на другиот носител на авторското право во границите во кои му се дадени со законот, односно во обемот во кој со тестамент или договор се пренесени врз него.

Покрај носителот на авторските имотни права не може спрема трети лица да се појавува автор во обемот на правата што му припаѓаат на носителот.

Носителот на авторското право е одговорен за штетата што на трети лица ќе им ја предизвика со неовластено пренесување на авторските имотно правни овластувања.

Одредбите од овој закон што се однесуваат на авторот, се применуваат и врз други носители на авторското право ако од законот не произлегува нешто друго.

Член 13

Федерацијата може, со правичен надоместок, да го ограничи односно одземе правото на авторот југословенски државјанин на искористување научно дело од посебен интерес за народната одбрана.

Федерацијата може, со надоместок, да го користи научното дело од ставот 1 на овој член и без одобрение од авторот.

Решение за утврдување на посебниот интерес и за ограничување односно одземање правото од ставот 1 на овој член, како и во поглед користење на научното дело за потребите на народната одбрана, донесува Државниот секретаријат за народна одбрана.

Ако помеѓу авторот и Државниот секретаријат за народна одбрана не дојде до спогодба за височината на надоместокот од ст. 1 и 2 на овој член, височината на надоместокот ја утврдува надлежниот општински суд во вонпроцесна постапка.

Трошоците на судската постапка за определување на надоместокот од ст. 1 и 2 на овој член судот ги определува сразмерно со успехот на странките во таа постапка.

### 3. Посебни одредби за авторското дело и авторот

*Кинематографско дело*

Член 14

Како автори на завршено кинематографско дело се сметаат писателот на сценариото и режисерот, а кај цртан филм и главниот цртач.

Ако е во кинематографско дело музиката суштествен елемент, за автор на тоа кинематографско дело се смета и композиторот на музиката во тоа дело.

Композиторот на филмската музика кој не се смета за автор на кинематографското дело во смисла на ставот 2 од овој член, главниот снимател на сликата, сценографот на филмот, сликарот на костимите и сликарот на маските имаат авторски права на своите придонеси и можат да ги пренесуваат врз производителите на кинематографското дело само со договор.

Член 15

Авторите на кинематографско дело имаат исклучително право за снимање на својата духовна творба (право на филмување), како и право на репродуцирање, пуштање во промет, прикажување, емитирање преку радио-дифузијата, преведување (дублирање) и преработување на тоа кинематографско дело.

Член 16

Односот на производителот на кинематографското дело кон авторите на кинематографското дело, како и односот помеѓу авторите на кинематографското дело, се уредуваат со писмен договор.

Со договорот, покрај другото, се утврдуваат правата што се пренесуваат врз производителот и надоместокот на авторите.

Правата што не се пренесени со писмен договор врз производителот ги задржуваат авторите на кинематографското дело.

За производител на кинематографското дело, во смисла на овој закон, се смета правно и физичко лице односно група граѓани кои врз основа на договор или по сопствена иницијатива произведуваат некое кинематографско дело.

Член 17

Ако не е договорено поинаку, писателот на сценариото и композиторот можат своите придонеси за кинематографското дело да ги објавуваат или на друг начин одвоено да ги користат под услов со тоа да не се навредуваат правата пренесени врз производителот на кинематографското дело.

Член 18

Кинематографското дело се смета завршено кога е завршена првата стандардна копија на филмот согласно со спогодбата помеѓу авторот и производителот на кинематографското дело.

Член 19

Ако производителот не го заврши кинематографското дело во рок од три години од денот на склучувањето на договорот за производство на тоа

дело, или ако завршеното дело не го пушти во промет во рок од една година од завршувањето на делото, авторите на кинематографското дело можат, задржувајќи го правото на надоместок, да бараат раскинување на договорот, ако не е договорен некој друг рок.

Ако некој од авторите одбие да го заврши својот придонес за кинематографското дело, или ако поради виша сила не е во можност тоа да го стори, тој не може да се противи придонесот што веќе го дал, да се употреби за довршување на кинематографското дело. Таквиот автор на веќе даденият придонес за кинематографското дело има соодветни авторски права.

*Авторско дело создадено во работен однос или по порачка*

Член 20

Авторскоправните односи на работните и други организации и државните органи, од една страна, и работниците на тие организации односно органи, како автори на делото создадено во работен однос во нив, од друга страна, се уредуваат со општи акти на организацијата односно органот.

Авторскоправните односи на лицата кои самостојно вршат со закон дозволена дејност, од една страна, и работниците запослени кај тие лица, како автори на делото создадено во работниот однос со нив, од друга страна, се уредуваат со меѓусебен договор.

Член 21

Работна или друга организација, државен орган или лице кое самостојно врши со закон дозволена дејност има исклучително право, во рамките на својата редовна дејност, да го искористува авторското дело што во извршувањето на својата работна обврска го создал работникот на таа организација или орган односно работникот запослен кај лице што самостојно врши со закон дозволена дејност (дело создадено во работен однос), без барање дозвола од работникот — автор на тоа дело и без плаќање надоместок за користење.

Работникот-автор на делото создадено во работен однос ги задржува на тоа дело останатите авторски права.

Тие права не можат да се ограничат со општите акти на организацијата односно органот, ниту со договор (член 20).

Член 22

Правото за објавување авторско дело создадено во работен однос го опфаќа правото за објавување на едно библиографско издание односно правото за едно умножување.

При објавувањето на такво дело организацијата, органот односно лицето кое самостојно врши со закон дозволена дејност должно е да го означи личното име на авторот односно неговиот псевдоним.

Ако организацијата, органот односно лицето што самостојно врши со закон дозволена дејност делото создадено во работен однос не го објави во рокот предвиден во општиот акт на организацијата или органот односно во договорот, со правото за објавување на делото се здобива авторот.

Организацијата, органот или лицето што самостојно врши со закон дозволена дејност може и пред истекот на рокот од ставот 3 на овој член да му дозволи на авторот да го објави делото создадено во работен однос.

При објавувањето на своите собрани дела авторот може и без дозвола од организацијата, органот односно лицето што самостојно врши со закон дозволена дејност да го објави делото создадено во работен однос, без оглед што тоа е веќе објавено.

По истекот на пет години од завршувањето на авторското дело создадено во работен однос, правото за објавување на делото му припаѓа на авторот.

Правото за објавување на авторското дело создадено во работен однос му припаѓа на авторот и пред истекот на рокот предвиден во ставот 6 на овој член, ако е актуелноста на делото ограничена на пократок рок.

Член 23

Ако работникот кој е во работен однос во работна или друга организација, државен орган или е запослен кај лице кое самостојно врши со закон дозволена дејност создал авторско дело што ги преминува рамките на редовната дејност на таа организација, орган или лице што самостојно врши со закон дозволена дејност, или ако создал дело што претставува духовна творба од исклучително значење и вредност, тој како автор ги задржува сите авторски овластувања врз така создаденото дело.

Во случајот од ставот 1 на овој член работната организација односно државниот орган може таквото дело да го искористува без посебна дозвола од авторот но со плаќање надоместок за искористувањето на тоа дело, а може доколку тоа е предвидено со општиот акт на таа организација односно тој орган, да ги пресмета користите што ги имал авторот од тоа што при создавањето на тоа дело користел средства и други погодности од таа организација односно орган.

Член 24

Работникот во работен однос во работна или друга организација или државен орган односно запослен кај лице што самостојно врши со закон дозволена дејност, кој во извршувањето на своите работни обврски изработи стручен извештај, реферат, службен акт или сличен труд, не се здобива со никакви авторски овластувања врз тие трудови.

Член 25

Сите авторски овластувања врз дело создадено во рамките на договор за дело му припаѓаат на авторот што го создал делото, ако од договорот не произлегува нешто друго.

Член 26

Ако едно или повеќе лица организирале работа на создавање авторско дело на кое соработуваат повеќе соработници кои со него не се во работен однос (порачувач), носител на авторското право на делото како целост е порачувачот, ако со договорот не е определено поинаку.

Соработниците на создавањето на делото од ставот 1 на овој член, секој на својот придонес, го задржуваат авторското право.

Порачувачот не може без дозвола од сите соработници делото од овој член повторно да го објави ниту да го користи за други цели.

Глава III

## СОДРЖИНА И ИСКОРИСТУВАЊЕ НА АВТОРСКОТО ПРАВО

### 1. Содржина

Член 27

Авторското право содржи имотноправни овластувања (авторски имотни права) и личноправни овластувања (авторски морални права).

Член 28

Авторските имотни права ги сочинуваат правата на авторот за искористување на делото.

Искористување на делото се врши особено со објавување, преработување, репродуцирање, умножување, обработување, прикажување, изведување, пренесување и преведување на делото.

Искористување на делото од страна на друго лице може да се врши само по дозвола од авторот, ако со овој закон не е определено поинаку.

За секое искористување на делото од страна на друго лице на авторот му припаѓа надоместок, ако со закон или со договорот не е определено поинаку.

Член 29

Авторските морални права се состојат од: право на авторот да биде признаен и означен како творец на делото, право да се противстави на секое деформирање, сакатење или друго менување на делото, како и право да се противстави на секоја употреба на делото што би ја навредувала неговата чест или углед.

Член 30

Издавачот, преработувачот, обработувачот, прикажувачот, преведувачот, снимателот и секој друг кој јавно го искористува делото на авторот, должен е при секое искористување да го означи името на авторот на делото.

**2. Искористување**

Член 31

Авторот има исклучително право своето дело да го објави, репродуцира, умножи, преработи, обработи, прикажува и во кој и да е друг вид искористува.

Член 32

Автори на драмски, драмско-музички и музички дела имаат исклучително право да даваат дозвола:

1) за јавно претставување и јавно изведување на тие дела;

2) за јавно пренесување на претставување и изведување на тие дела со кое и да е средство.

На авторите на драмски и драмско-музички дела им припаѓаат правата од ставот 1 на овој член и врз преводите на тие дела.

Член 33

Авторот има исклучително право да дава дозвола:

1) за емитирање на своето дело преку радио-дифузијата или за неговото соопштување на јавноста по кои и да било други средства за безжичен пренос на знаци, звуци или слики;

2) за секое соопштување на јавноста, преку жици или без жици, на неговото дело емитирано преку радио-дифузијата, ако ова соопштување го врши некоја друга установа а не онаа што првобитно го емитирала преку радио-дифузијата;

3) за соопштување на јавноста преку звучник или кој и да е друг сличен уред за пренос на знаци, звуци и слики, на неговото дело емитирано преку радио-дифузијата.

Член 34

Авторите на литературни, научни и музички дела имаат исклучително право да даваат дозвола:

1) за снимање на овие дела со инструменти за механичка репродукција;

2) за јавна изведба на овие дела снимени со инструменти за механичка репродукција.

Член 35

Дозволата дадена за јавно претставување и јавно изведување, за јавно пренесување на претставување и изведување, за јавно емитирање преку радио-дифузијата, или за некое друго соопштување на јавноста, не опфаќа дозвола за снимање на делото со инструменти за снимање звуци или слики.

Установата за радио-дифузија може заштитеното дело да го сними со сопствени средства и само за свои потреби, за чие емитирање добила дозвола, и може повторно да ги емитира тие снимки, со надоместок, и без нова дозвола од авторот, ако не е договорено поинаку.

Овие снимки можат да им се предадат на јавните архиви како документационен материјал.

Член 36

Установите за радио-дифузија можат и без дозвола од авторот да емитираат снимки од дела снимени со инструменти за механичка репродукција, како што се фонографски, магнетофонски, магнетоскопски и на нив слични снимки, но се должни да ги почитуваат сите други права на авторот.

Член 37

Авторот на литературно дело има исклучително право да дава дозвола за јавно рецитирање и читање на своето дело.

Член 38

Авторот има исклучително право да дава дозвола за приспособување, обработка или други преправања на своето дело.

Член 39

Автори на литературни, музички, научни или уметнички дела имаат исклучително право да даваат дозвола:

1) за кинематографско приспособување или репродуцирање на овие дела и за промет на така приспособените или репродуцирани дела;

2) за јавно прикажување и за јавно изведување на така приспособените или репродуцирани дела.

Кинематографско дело создадено со приспособување или репродуцирање на литературни, музички, научни или уметнички дела заштитено е како и изворното дело, со што не се засега во правото на авторот на приспособеното или репродуцираното дело.

Приспособување во која и да е друга уметничка форма на кинематографските дела што произлегуваат од литературни, музички, научни и уметнички дела не смее да се врши без дозвола од авторот на изворното дело, ниту без дозвола од авторите на тие кинематографски дела, ако тие тоа право не го пренесле со договор врз производителот.

Одредбите од овој член се применуваат и врз репродукција или продукција добиена по која и да е друга постапка слична на кинематографијата.

Член 40

Авторот може во секое време да ги повлече од промет односно да ги откупи примероците на своето објавено авторско дело, како и да го ускрати натамошното користење на делото во секоја форма, откако претходно ќе го обезштети корисникот односно сопственикот на делото, ако користењето на тоа дело може да му нанесе штета на авторовиот научен или уметнички углед.

Во случај на повторно пуштање во промет на тоа дело поранешниот корисник односно сопственикот на делото, има првенствено право на користење на делото, односно предимствено право на купување во рок од триесет дена од денот на узнавањето, а најдоцна во рок од една година, сметајќи од денот на пуштањето на делото во промет.

Овластувањето од ставот 1 на овој член не му припаѓа на друг носител на авторското право.

Член 41

Сопственик на дела од ликовни уметности, како и сопственик на литературни, научни и музички ракописи, должен е да го извести авторот, по негово барање, за преносот на правото на сопственост односно на користење на тие дела како и за новиот сопственик односно корисник.

Член 42

Автори на дела од ликовни уметности, фотографски и слични дела можат да го забранат излагањето на одделни свои дела ако за тоа имаат морален интерес.

Авторот не може да забрани излагање на дела што им припаѓаат на музеи, галерии и слични установи.

Член 43

Авторот има исклучително право да дава дозвола за преведување на своето дело.

Член 44

Ако авторот на дело објавено на странски јазик кое ужива заштита според одредбите на Бернската конвенција за заштита на литературните и уметничките дела, не го преведе тоа дело на некој од јазиците на југословенските народи односно народности во рок од десет години по објавувањето на делото, или во истиот рок не му дозволи на друг да го преведе тоа дело, тоа може да се преведува на јазиците на југословенските народи односно народности и без дозвола од авторот.

Авторот на делото преведено врз основа на одредбата на ставот 1 од овој член го задржува правото на надоместок, како и сите други авторски права на преведеното дело.

Член 45

Дело објавено на странски јазик кое ужива заштита според одредбите на Светската конвенција за авторското право, а не според одредбите на Бернската конвенција за заштита на литературните и уметничките дела, може и без дозвола од авторот да се преведува на јазиците на југословенските народи односно народности под условите наведени во чл. 46 и 48 на овој закон.

Член 46

Делото предвидено во членот 45 на овој закон може без дозвола од авторот да се преведе на некој од јазиците на југословенските народи односно народности:

1) ако до истекот на рокот од седум години, сметајќи од првото објавување на делото, преведување на тоа дело не е извршено односно не е објавен превод на тој јазик, или веќе објавените изданија се исцрпени, и

2) ако заинтересираниот југословенски државјанин добие дозвола од републичкиот орган надлежен за работите на културата таквото дело да го преведе и објави на некој од јазиците на југословенските народи односно народности.

Член 47

Републичкиот орган надлежен за работите на културата ќе ја даде дозволата наведена во членот 46 на овој закон само ако барачот докаже дека од авторот барал одобрение да го преведе делото и да го објави преводот, но дека не успеал да дојде до него или да го добие неговото одобрение.

Ако барачот на дозвола не успеал да дојде до авторот на делото, должен е од својот поднесок со кој барал дозвола да упати препис до издавачот чие име се наоѓа на делото, како и до дипломатскиот или конзуларниот претставник на државата чиј државјанин е авторот на делото, ако е неговото државјанство познато, или до органот што го определила владата на таа држава.

Републичкиот орган надлежен за работите на културата бараната дозвола за преведување нема да ја издаде пред да истече рокот од два месеца од денот кога барачот упатил до издавачот и до органот од ставот 2 на овој член препис од својот поднесок со кој барал дозвола.

Член 48

Дозвола за преведување може да им се даде на поголем број лица.

Добиената дозвола не може да се пренесува врз друго лице.

Барачот на дозвола должен е на авторот да му исплати надоместок за користење на неговото дело и да ги почитува другите права на авторот на преведеното дело.

Републичкиот орган надлежен за работите на културата нема да даде дозвола ако авторот го повлекол од промет односно ги откупил примероците на делото за чие преведување е барана дозвола.

Член 49

На територијата на Југославија дозволено е без одобрение на авторот:

1) објавување и репродуцирање одделни делови на литературно, научно или уметничко дело со цел за настава;

2) препечатување во повремени публикации актуелни статии во кои се претресуваат општи прашања од јавен интерес, ако авторот не го забранил изречно репродуцирањето на тие статии;

3) репродуцирање во весници и повремени публикации одделни актуелни фотографии, илустрации, технички нацрти и сл., објавени во други весници и повремени публикации;

4) репродуцирање на уметнички дела изложени на улици и плоштади, освен ако репродукцијата на вајарското дело е добиена со отпечаток од калап;

5) репродуцирање на вајарски и сликарски дела, како и дела од архитектурата, преку фотографии во весници и списанија, освен ако авторот тоа го забранил изречно.

Одредбата на ставот 1 од овој член согласно се применува и врз објавување и репродуцирање во дневниот и периодичниот печат, на филмот, во филмските новости и преку радио-дифузијата.

Во сите случаи од ставот 1 на овој член мора јасно да се означи личното име на авторот, изворното дело и потеклото на позајмицата.

Покрај тоа, авторот има во наведените случаи право на надоместок како и сите други права според овој закон.

Член 50

На територијата на Југославија дозволено е без одобрение од авторот и без плаќање на надоместок за искористување:

1) претставување и изведување на литературно или уметничко дело со цел и во вид на настава ако тоа претставување односно изведување се врши без наплатување влезни билети или други форми на наплатување, како и при училишни свечености на кои е пристапот бесплатен;

2) објавување извештаи за објавени литературни, уметнички и научни дела, во кои содржината на тие дела се репродуцира на оригинален и скратен начин;

3) излагање на дела на јавни изложби, освен оние дела чиешто излагање авторот ќе го забрани, ако од ова право не се откажал во договорот;

4) репрдуцирање на веќе објавено дело извршено заради лично усовршување, ако репродукцијата не е наменета ниту пристапна за јавноста;

5) репродуцирање на дела од сликарството по пат на вајарство и обратно, како и репродуцирање на дела од архитектурата по пат на сликарство или вајарство;

6) дословно наведување одломки од објавено литературно, уметничко или научно дело, ако наведените одломки вкупно не изнесуваат повеќе од една четвртина од делото во кое се врши наведувањето.

И во случаите од овој член авторот ги задржува сите други права според овој закон.

Член 51

Без дозвола од авторот и плаќање надоместок за користење можат да се објават преку печатот и радиодифузијата, заради информирање за текуштите настани, говори наменети за јавноста одржани во претставнички тела, судови и други државни органи, научни, уметнички и други организации, како и на јавни политички состаноци и службени свеченост.

Без дозвола од авторот и плаќање надоместок за користење можат за други говори, предавања, беседи и други дела од иста природа во дневниот и повремениот печат и преку радио-дифузијата да се даваат само пократки извештаи.

Без дозвола од авторот не може да се состави збирка од негови дела наведени во овој член.

И во случаите од овој член авторот ги задржува сите други права според овој закон.

Член 52

За искористување народни литературни и уметнички творби преку изведување се плаќа надоместок.

Надоместокот од ставот 1 на овој член е приход на републиката на чија територија се изведувани народните литературни и уметнички творби.

Начинот за утврдување на надоместокот и неговото користење со определува со републички прописи.

Искористувањето на народни литературни и уметнички творби во секој друг вид е слободно.

Лицата што искористуваат народни литературни и уметнички творби се должни да го назначат потеклото на делото и да се воздржуваат од сакатење и недостојна употреба на делото.

За заштитата на правата од ставот 4 на овој член се грижат соодветните организации на авторите и академиите на науките и уметностите.

Глава IV

ПРЕНЕСУВАЊЕ НА АВТОРСКИТЕ ПРАВА

**1. Пренесување со договор**

*Обем на пренесувањето*

Член 53

Правото на авторот за искористување на делото може во целост или делумно, со или без надоместок, да се пренесува врз поединци или врз правни лица за времетраењето на авторското право или за определено време.

Лицето врз кое е пренесено правото за искористување на делото, не може тоа право да го пренесува врз трет без согласност на носителот на тоа право, ако не е договорено поинаку.

Член 54

Лицето врз кое е пренесено правото за искористување на авторското дело не е овластено при користењето да внесува во авторското дело какви и да било измени, ако не е договорено поинаку.

Член 55

Исклучително авторот може да го пренесе и врз друг правото за искористување на делото, со тоа на корисникот да му дозволи делото во определен правец и обем да го измени или преработи.

*Заеднички одредби за авторските договори*

Член 56

Авторот своето право на искористување на делото го пренесува врз друг со авторски договори, како што се: издавачки договор, договор за прикажување, договор за изведување, договор за кинематографско дело, договор за емитирање на делото преку радио или телевизија, договор за снимање на делото со инструменти за регистрација на звуци и слики, договор за преработување (адаптирање) на делото, договор за отстапување правото за преведување на делото и слично.

Член 57

Авторските договори се склучуваат во писмена форма.

Авторски договор што не е склучен во писмена форма не произведува правно дејство, ако со овој закон не е определено поинаку (член 69).

Член 58

Авторскиот договор ги содржи особено: имињата на договорните страни, називот на авторското дело што е предмет на договорот, начинот на користењето на авторското дело, височината, начинот и роковите за плаќање на надоместокот ако делото се користи со надоместок.

Височината на надоместокот за користење на авторското дело се определува со спогодба помеѓу носителот на авторското право и корисникот на делото, односно со спогодба помеѓу нивните организации.

При утврдувањето на надоместокот за користење на авторското дело, каде-годе е тоа можно, се земаат предвид: квалитетот на делото, можноста за неговата продажба, материјалните користи што ги постигнува другата договорна страна со користењето на делото и другите услови со кои можат да се утврдат резултатите што ги постигнува авторското дело во задоволувањето на општествените потреби.

Во поглед јавното изведување и соопштувањето на јавноста на несценски музички и литературни дела, изземајќи го пренесувањето и емитирањето преку установа за радио-дифузија, височината на надоместокот за одделни видови изведувања односно соопштувања ја утврдуваат организациите на авторите на такви дела со своите општи акти.

Член 59

Авторскиот договор може да има за предмет и уште несоздадено дело.

Ништовен е авторски договор со кој авторот го пренесува правото за искористување на сите свои идни дела.

Член 60

Авторот е должен за времетраењето на авторскиот договор да се воздржува од постапки што би го попречувале корисникот во вршењето на пренесеното авторско право.

Член 61

Врз авторските договори се применуваат општите правила за договорите ако со одредбите од овој закон не е определено поинаку.

*Издавачки договор*

Член 62

Со издавачкиот договор авторот врз издавачот го пренесува правото за објавување на авторско дело со печатење односно умножување.

Издавачот е должен да го објави делото, на секој примерок на видно место да го стави личното име на авторот, да се грижи за успешно растурање на примероците на авторското дело, како и авторот, на негово барање, повремено да го известува за растурањето на примероците на делото.

Со издавачкиот договор авторот може да го пренесе врз издавачот и правото за преведување на своето дело заради негово објавување на други јазици во Југославија и во странство.

Член 63

Издавачкиот договор ги содржи особено обемот и времетраењето на користењето на правото што авторот го пренесува врз издавачот, како и височината на тиражот.

Ако надоместокот се договара во процент од малопродажната цена на продадените примероци на делото, со договорот мора да се определи и најнискиот износ на надоместокот што е должен да го плати издавачот без оглед на бројот на продадените примероци, како и рокот за исплата на тој износ.

Член 64

За време додека важи издавачкиот договор авторот не може правото за објавување односно умножување на истиот јазик да му го отстапи на трето лице, ако со договорот не е определено поинаку.

Правото за објавување на новински статии авторот може истовремено да им го отстапи на поголем број корисници, ако не е договорено поинаку.

Член 65

Ако не е договорено поинаку, се смета дека авторот со издавачкиот договор го пренел врз из-

давачот правото за објавување само на едно библиографско издание односно правото само на едно умножување.

Член 66

Ракописот или друг оригинал на делото што е предмет на издавачкиот договор останува сопственост на авторот, ако не е договорено поинаку.

Член 67

Ако не е договорено поинаку, издавачот е должен во случај на нови издавања на делото да му овозможи на авторот внесување на подобрувања и измена на делото, под услов тоа да не повлекува претерани трошоци за издавачот и да не го менува карактерот на делото.

Член 68

Издавачкиот договор престанува: со смртта на авторот пред завршувањето на делото, со пропаста на ракописот односно на друго дело, со исцрпувањето на тиражот на сите договорени изданија и со истекот на договорот.

Авторот може да бара раскин на издавачкиот договор ако издавачот по исцрпувањето на едното издание, не пристапи кон издавање на ново договорено издание во рок од една година од денот кога авторот тоа го барал, ако не е договорено поинаку.

Ако авторот не му го предаде на издавачот делото во договорениот рок или издавачот не го издаде делото во договорениот рок, другата страна може да бара раскин на договорот и да бара надоместок на штетата поради неизвршување, а покрај тоа авторот има право да го задржи применият надоместок односно да бара исплата на договорениот надоместок.

Член 69

Договорот за објавување статии, цртежи и белешки во весници, списанија и друг периодичен печат не мора да биде склучен во писмена форма.

*Договор за прикажување односно изведување*

Член 70

Со договорот за прикажување односно изведување авторот на делото му го отстапува на корисникот правото за јавно прикажување или изведување на делото, а корисникот се обврзува тоа дело да го прикаже односно изведе во определениот рок, на начинот и под условите што се определени со договорот.

Член 71

Правото за прикажување односно изведување на определено дело авторот може истовремено да им го отстапи на поголем број корисници, ако со договорот не се откажал од тоа право.

Член 72

Договорот за прикажување односно изведување, покрај елементите наведени во членот 58 од овој закон, ги содржи особено: начинот на прикажување односно изведување и подрачјето на кое делото може да се користи.

Член 73

Ако авторот не му го предаде на корисникот делото (ракописот, партитурата и сл.) во договорениот рок, или корисникот не го прикаже односно не го изведе делото во договорениот рок, другата страна може да бара раскин на договорот и да бара надоместок на штетата поради неизвршување на договорот.

Ако до раскин на договорот дојде по вина на корисникот на делото авторот има и право да го задржи применият надоместок односно да бара исплата на договорениот надоместок.

Предаденото дело (ракопис, партитура и сл.) што е предмет на договорот останува сопственост на авторот, ако не е договорено поинаку.

Член 74

Корисникот на договор за прикажување односно изведување должен е на авторот да му овозможи увид во прикажувањето односно изведувањето на делото, да ги оствари техничките услови за прикажување односно изведување на делото коишто обезбедуваат почитување на авторските морални права, како и на авторот или негов застапник да му ја доставува програмата и повремено да го известува за приходите од прикажувањето односно изведувањето на делото.

Односите помеѓу авторот и радио-дифузните установи како корисници на неговото дело во смисла на ставот 1 од овој член се регулираат со договор.

*Договор за кинематографско дело*

Член 75

Како договор за кинематографско дело се сметаат договорите на авторите на кинематографско дело (договор за сценарио, договор за филмска режија, договор за филмска музика, договор за главниот цртач) како и договор за одделни авторски придонеси кон кинематографското дело.

Авторите на кинематографско дело со договор го пренесуваат врз производителот правото за снимање, репродуцирање, пуштање во промет и јавно прикажување на кинематографското дело.

Производителот е должен кинематографското дело да го пушти во промет и авторите на кинематографското дело да ги известува, на нивно барање, за остварениот промет на делото.

Договорениот надоместок за снимање на кинематографско дело не го опфаќа надоместокот за репродуцирање и јавно прикажување на кинематографското дело.

Член 76

За време додека важи договорот за кинематографското дело авторите на кинематографското дело не можат правото за снимање, репродуцирање, пуштање во промет и јавно прикажување да му го отстапат на трето лице ако со договорот не е определено поинаку.

Ако производителот врз кого авторите го пренесле правото на снимање не го сними делото во рок од три години од денот кога е склучен договорот, авторите можат да бараат да се раскине договорот и да се надомести штетата поради неизвршување на договорот, како и да го задржат применият надоместок односно да бараат исплата на договорениот надоместок.

**2. Пренесување со наследување**

Член 77

За наследување авторски права важат одредбите на Законот за наследувањето, ако од овој закон не произлегува нешто друго.

Член 78

Кога според прописите за наследување авторското право станува општествена сопственост, носител на авторското право е републиката чие државјанство имал авторот во моментот на смртта.

Член 79

По смртта на авторот авторското морално право може да го врши и организацијата на автори на која ѝ припаѓал умрениот автор, односно на која би ѝ припаѓал со оглед на видот на делото, ако тој не определил поинаку.

По престанокот на имотните права на авторот за заштита на неговите морални права се грижат организациите на авторите и академиите на науките и уметностите.

Глава V

ТРАЕЊЕ НА АВТОРСКОТО ПРАВО

Член 80

Авторските имотни права траат додека авторот е жив и педесет години по неговата смрт, ако со

одредбите од овој закон за одделни видови авторски имотни права не е определено поинаку.

Ако е носител на авторско имотно право, во смисла на членот 20 од овој закон, правно лице, авторското право престанува по истекот на педесет години по објавувањето на делото.

Член 81

Авторското имотно право на кинематографско дело престанува од истекот на педесет години по смртта на авторот на делото што последен умрел.

Авторското имотно право на кинематографско дело што има карактер на фотографско дело престанува по истекот на дваесет и пет години од денот кога делото е завршено.

Член 82

Авторското имотно право на фотографски дела, на дела произведени по слична постапка и на дела од применетата уметност престанува по истекот на дваесет и пет години по објавувањето на делото.

Член 83

Авторското имотно право на анонимни дела и на дела објавени под псевдоним престанува по истекот на педесет години, односно дваесет и пет години ако се во прашање дела од членот 82 на овој закон, сметајќи од објавувањето.

Ако псевдонимот не остава никакво сомневање во поглед идентитетот на авторот, или ако авторот го открие својот идентитет, авторското имотно право трае онолку колку би траело да е објавено под личното име на авторот.

Член 84

Траењето на авторското имотно право што заеднички им припаѓа на соработници на авторско дело, се смета од смртта на соработникот што умрел последен.

Член 85

Авторските морални права траат и по престанокот на авторските имотни права.

Член 86

Роковите наведени во членовите од оваа глава почнуваат да течат од 1 јануари на онаа година што доаѓа непосредно и по смртта на авторот односно по објавувањето на делото.

Глава VI

КОРИСТЕЊЕ НА АВТОРСКИТЕ ДЕЛА ПО ИСТЕКОТ НА ИМОТНИТЕ ПРАВА

Член 87

Со републички прописи може да се определи да може по престанокот на авторските имотни права авторското дело да се користи со плаќање посебен придонес.

Височината на придонесот од ставот 1 на овој член и начинот на наплатувањето и користењето на придонесот се определуваат со републички прописи.

Глава VII

ОСТВАРУВАЊЕ НА АВТОРСКОТО ПРАВО

Член 88

Авторот може своите авторски права да ги остварува лично или преку застапник.

Член 89

Остварување на авторски права на територијата на Југославија можат да вршат, врз основа на полномоштие од авторот, и организации на автори (сојузи, здруженија и сл.), како и сите установи и организации што се регистрираат за заштита на авторските права, независно од тоа дали заштитата им е главна или дополнителна дејност.

Организациите на автори, како организации и установи што се регистрираат за заштита на авторските права, можат и во странство да остваруваат авторски права на југословенски државјани.

Остварување на авторски права што настануваат со јавно изведување на литерарни и музички несценски дела (мали права) организациите на автори можат да вршат и без полномоштие од авторот.

Член 90

Организациите на автори можат да остваруваат авторски права и преку посебна установа што ќе ја основат тие за таа цел.

Односите помеѓу установите од ставот 1 на овој член и организацијата на автори се уредуваат со договор, којшто треба да го содржи особено обемот и начинот на застапување односно посредување, како и височината на надоместокот за услугите на установата.

Статутот на установата од ставот 1 на овој член пред конечното усвојување, им се доставува на мислење на организациите на автори што таа ја основале.

Член 91

За застапување пред судови и други органи, организацијата на автори односно установата од членот 90 на овој закон мора да има посебно полномоштие од авторот чие право е предмет на спорот.

Член 92

За застапување пред судови и други органи заради остварување на авторски права што настануваат со јавно изведување на литерарни и музички несценски дела (мали права), на организацијата на автори односно на установата од членот 90 на овој закон не ѝ е потребно посебно полномоштие од авторот.

Споровите од ставот 1 на овој член организацијата на автори односно установата од членот 90 на овој закон може да ги поведе и да ги води во свое име, но е должна за така остварените права да му положи сметка на авторот.

Член 93

Приредувачите на културно-уметнички приредби и други корисници на авторски дела должни се на организацијата на автори односно на установата од членот 90 на овој закон да ѝ ги доставуваат програмите на изведените односно прикажаните дела и да уплатуваат авторски надоместоци за искористување на тие дела, според важечките прописи.

Надлежниот општински орган на управата, по барање на авторот, на организацијата на автори односно установата од членот 90 на овој закон, ќе забрани приредба односно користење на авторско дело ако приредувачот односно корисникот на авторското дело нема дозвола за изведување односно прикажување дадена од авторот, од организацијата на автори, односно од установата од членот 90 на овој закон.

Глава VIII

ЛИЧНИ ПРАВА НА ДНЕВНИЦИ, ПРИВАТНИ ПИСМА И ПОРТРЕТИ

Член 94

Дневници, записи и слични списи од личен карактер можат да се објавуваат само со согласност од лицето што ги составило, ако со закон не е определено поинаку.

Приватно писмо што не е наменето за јавност може да се објави само со согласност од лицето што го составило, а ако со објавувањето на тоа писмо би можеле да се повредат интересите на лицето до кого е упатено, потребна е и негова согласност, ако со закон не е определено поинаку.

По смртта на лицето од ст. 1 и 2 на овој член, списите од личен карактер можат да се објавуваат само со согласност од брачниот другар и децата, а кога овие ги нема со согласност од родителите, ако со тестаментот не е определено поинаку.

Одредбите на ст. 1, 2 и 3 од овој член не се однесуваат на списи од личен карактер што се чуваат во архиви, музеи, библиотеки и слични установи.

Член 95

Портрети и фотографии на лица смеат да се пуштаат во промет, да се излагаат или прикажуваат јавно само со согласност од тоа лице.

Во рок од дваесет години од смртта на тоа лице, за пуштање во промет, јавно излагање и прикажување потребна е согласност од брачниот другар децата, а ако овие ги нема — согласност од неговите родители, ако со тестаментот не е определено поинаку.

Се смета дека постои согласност ако за позирањето е примена награда.

Член 96

Дозволено е без согласност од лицето од членот 95 на овој закон да се пуштаат во промет, јавно излагаат или прикажуваат:

1) фотографии во кои се прикажува некој крај или глетка, а со кои се опфатени и одделни личности;

2) фотографии што прикажуваат собири, поворки и слични настани;

3) фотографии на личности од современиот живот, од интерес за јавноста;

4) фотографии на личности ако е тоа во интерес на правосудството.

Глава IX

ЗАШТИТА НА АВТОРСКОТО ПРАВО

**1. Граѓанскоправна заштита**

Член 97

Лице чие авторско имотно или морално право е повредено може да бара заштита на тоа право и надоместок на штетата што му е нанесена со таа повреда.

Член 98

По барање на лице чие авторско право е повредено судот може во пресудата да нареди:

1) пресудата да се објави на трошок на тужениот;

2) да му се забранува на сторителот натамошна повреда на авторското право;

3) предметите со кои е нанесена повреда на авторското право да се уништат или да се преправат.

Член 99

По барање на лице што ќе го стори веројатно дека неговото авторско право е повредено судот може да нареди, и пред да донесе пресуда, привремено да се запленат и исклучат од промет предметите, или да забрани продолжување на започнатите работи, со кои би можело да му се нанесе повреда на авторското право.

Член 100

Ако лицето што јавно искористува авторско дело, при тоа користување не го означи името на авторот, авторот може од такво лице да бара соодветен надоместок на име имотна штета, дополнително објавување на авторовото име на погоден начин, како и на тоа лице да му се забрани повторување на вакви повреди.

Член 101

Авторското право не може да биде предмет на извршување.

Предмет на извршување може да биде имотната корист што произлегува од авторско дело.

Недовршено дело и необјавени ракописи не можат да бидат предмет на извршување.

**2. Казненопоправна заштита**

Член 102

Тој што под свое име или под името на друг ќе објави, прикаже, изведе или пренесе туѓо авторско дело, или дозволи тоа да се стори, ќе се казни со затвор.

Тој што на недозволен начин ќе внесе делови од туѓо авторско дело во свое авторско дело, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

Тој што деформира, сакати или на друг начин менува туѓо авторско дело, ќе се казни со парична казна или со затвор до шест месеци.

Член 103

Тој што без дозвола од автор или од друг носител на авторско право, во случаите кога е таква дозвола според одредбите од овој закон потребна, ќе објави, преработи, обработи, репродуцира, прикаже, изведе, пренесе, преведе или на друг начин искористи дело заштитено со овој закон, ќе се казни со парична казна.

Тој што во намера да прибави имотна корист ќе пушти во промет примероци на авторско дело за кои знае дека неовластено се репродуцирани или умножени, или тој што вакви примероци јавно излага или ги пренесува преку радио-дифузијата или на друг начин ќе се казни со парична казна.

Член 104

Тој што без согласност од овластеното лице, во случаите кога е таква согласност потребна ќе објави дневник, лично писмо или друг сличен спис од личен карактер, ќе се казни со парична казна.

Член 105

Гонење за кривични дела од чл. 102, 103 и 104 од овој закон се презема по предлог.

Член 106

За делата од чл. 102, 103 и 104 на овој закон работната организација или друго правно лице ќе се казни за стопански престап со парична казна до 50.000 динари.

За дејствието од ставот 1 на овој член ќе се казни со парична казна до 2.000 динари и одговорното лице во работната организација или во друго правно лице.

Член 107

Работна организација или друго правно лице ќе се казни за прекршок со парична казна до 1.000 динари, ако како корисник на авторски дела не ѝ достави на организацијата на авторите односно на установата за заштита на авторски права, без одлагање а најдоцна петнаесеттиот ден од денот на изведувањето односно прикажувањето, програма на изведените односно прикажаните дела, со потребните податоци, или ако во програмата наведе неточни податоци за изведеното односно прикажаното дело.

За дејствието од ставот 1 на овој член ќе се казни за прекршок и одговорното лице во работната организација или во друго правно лице со парична казна до 300 динари.

Член 108

За прекршок од членот 107 став 1 на овој закон ќе се казни поединец со парична казна до 500 динари.

Глава X

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 109

Одредбите од овој закон ќе се применуваат и врз сите авторски дела објавени пред денот на неговото влегување во сила.

Договорите склучени пред влегувањето во сила на овој закон остануваат во сила.

Член 110

Кривичната постапка поведена по делата од членот 65 на досегашниот закон за авторското право ќе се завршат кај оној окружен суд кај кого е постапката започната.

Член 111

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престануваат да важат: Законот за авторското право („Службен лист на ФНРЈ", бр. 36/57 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 11/65), Уредбата за авторските хонорари за објавување на книжевни, научни, стручни и музички дела („Службен лист на ФНРЈ", бр. 13/61), Општото напатствие за авторските хонорари за прикажување и изведење книжевни и уметнички творби („Службен лист на ФНРЈ", бр. 23/52) и Одлуката за наплатувањето и распоредувањето на надоместокот за искористувањето на народни книжевни и уметнички творби по пат на изведување („Службен лист на ФНРЈ", бр. 28/60).

Член 112

Овој закон влегува во сила по истекот на дваесет дена од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

---

**366.**

Врз основа на членот 217 став 1 точка 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, издавам

## У К А З

**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНИ НА ЗАКОНОТ ЗА СОЈУЗНИОТ БУЏЕТ ЗА 1968 ГОДИНА**

Се прогласува Законот за измени на Законот за сојузниот буџет за 1968 година, што го усвои Сојузната скупштина на седницата на Сојузниот собор од 19 јули 1968 година и на седницата на Организационо-политичкиот собор од 17 јули 1968 година.

ПР бр. 703
20 јули 1968 година
Белград

Претседател на Републиката,
**Јосип Броз Тито**, с. р.

Претседател
на Сојузната скупштина,
**Милентие Поповиќ**, с. р.

## З А К О Н

**ЗА ИЗМЕНИ НА ЗАКОНОТ ЗА СОЈУЗНИОТ БУЏЕТ ЗА 1968 ГОДИНА**

Член 1

Во Законот за сојузниот буџет за 1968 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 54/67) во членот 10 по зборот: „млеко" се става запирка, а зборовите: „и за суров памук" се заменуваат со зборовите: „суров памук и волна".

Член 2

Во посебниот дел од сојузниот буџет за 1968 година во разделот 13 — Сојузен секретаријат за стопанство, во позицијата 66 (16-2-21) Регреси за вештачки ѓубриња, износот: „312,000.000" се заменува со износот: „303,000.000", а во позицијата 67 (16-2-21) зборовите: „Премии за суров памук ———— 3,600.000" се заменуваат со зборовите: „Премии за суров памук и волна ———— 12,600.000".

Член 3

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

---

**367.**

Врз основа на членот 217 став 1 точка 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, издавам

## У К А З

**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ОСНОВНИОТ ЗАКОН ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИТЕ ЗАЕДНИЦИ**

Се прогласува Законот за измени и дополненија на Основниот закон за финансирање на општествено-политичките заедници, што го усвои Сојузната скупштина, на седницата на Сојузниот собор од 19 јули 1968 година и на седницата на Организационо-политичкиот собор од 17 јули 1968 година.

ПР бр. 690
20 јули 1968 година
Белград

Претседател на Републиката,
**Јосип Броз Тито**, с. р.

Претседател
на Сојузната скупштина,
**Милентие Поповиќ**, с. р.

## З А К О Н

**ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ОСНОВНИОТ ЗАКОН ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИТЕ ЗАЕДНИЦИ**

Член 1

Во Основниот закон за финансирање на општествено-политичките заедници („Службен лист на СФРЈ", бр. 31/64, 28/66, 1/67 и 54/67) во членот 32 став 1 точка 2 одредбата под г) се менува и гласи:

„г) данок на орудија за производство во земјоделството и на хибридна лоза;".

По одредбата под д) се додава нова одредба под ѓ), која гласи:

„ѓ) данок на товарни друмски моторни и приклучни возила и комби-возила;".

Член 2

Во членот 34 точка 1 по одредбата под д) се додава нова одредба под ѓ), која гласи:

„ѓ) придонес од вкупниот приход на граѓаните;".

Во точката 2 по одредбата под б) се додава нова одредба под в), која гласи:

„в) данок на товарни друмски моторни и приклучни возила и комби-возила;".

Член 3

Во членот 35 став 1 во точката 1 одредбата под ѓ) се брише.

Член 4

Членот 36 се менува и гласи:

„Од приходот на федерацијата по основот на сојузниот придонес од личниот доход од земјоделска дејност и сојузниот данок на промет на стоки на мало од граѓани што вршат самостојни стопански дејности, а што ќе го наплатат општинските органи, на општината ѝ се отстапува 3% за унапредување на организацијата и работата на тие органи во општината.

Отстапените средства се издвојуваат во корист на општината пред внесувањето на остварените приходи во буџетот на федерацијата."

Член 5

По членот 37 се додава нов член 37а, кој гласи:

„За работата на општинските органи на управата на работите на облогот и наплатата на приходите на самоуправните организации може да се пропише плаќање надоместок од средствата на тие организации, на начинот и според мерилата утврдени со републички закон."

Член 6

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

**368.**

Врз основа на членот 217 став 1 точка 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, издавам

## У К А З

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА ЕКСПРОПРИЈАЦИЈАТА

Се прогласува Законот за измена на Законот за експропријацијата, што го усвои Сојузната скупштина, на седницата на Сојузниот собор од 19 јули 1968 година и на седницата на Организационо-политичкиот собор од 17 јули 1968 година.

ПР бр. 689
20 јули 1968 година
Белград

Претседател
на Републиката,
**Јосип Броз Тито**, с. р.

Претседател
на Сојузната скупштина,
**Милентие Поповиќ**, с. р.

## З А К О Н

### ЗА ИЗМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА ЕКСПРОПРИЈАЦИЈАТА

Член 1

Во Законот за експропријацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 11/68) членот 45 се брише.

Член 2

Данок на промет на недвижности и права не се плаќа за пренос на недвижност по основ на експропријацијата ако до влегувањето во сила на овој закон решението за надоместок на експроприраната надвижност станало правосилно.

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

**369.**

Врз основа на членот 217 став 1 точка 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, издавам

## У К А З

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНЕНИЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АМОРТИЗАЦИЈАТА НА ОСНОВНИТЕ СРЕДСТВА НА РАБОТНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

Се прогласува Закон за измена и дополнение на Законот за амортизацијата на основните средства на работните организации, што го усвои Сојузната скупштина, на седницата на Сојузниот собор од 18 јули 1968 година и на седницата на Стопанскиот собор од 19 јули 1968 година.

ПР бр. 682
20 јули 1968 година
Белград

Претседател на Републиката,
**Јосип Броз Тито**, с. р.

Претседател
на Сојузната скупштина,
**Милентие Поповиќ**, с. р.

## З А К О Н

### ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНЕНИЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АМОРТИЗАЦИЈАТА НА ОСНОВНИТЕ СРЕДСТВА НА РАБОТНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

Член 1

Во Законот за амортизацијата на основните средства на работните организации („Службен лист на СФРЈ", бр. 29/66) во членот 17 ст. 3 и 4 се менуваат и гласат:

„Работничкиот совет на стопанската организација може, по исклучок од одредбата на ставот 1 од овој член, да одлучи да не пресметува амортизација:

1) за средства со кои се изведени инвестициони работи во странство, ако тие средства по завршувањето на работите се вратени во Југославија а не се користат;

2) за сите средства на рудниците на јаглен што се врзани за производството на определен рударски погон (јама) во кој привремено е запрена работата во траење од најмалку една година, а коишто не можат да се користат, пренесат или продадат.

Одлагањето на пресметувањето на амортизацијата во случаите од ставот 2 и точката 1 на ставот 3 од овој член не може да трае подолго од две години, а во случаите од точката 2 на ставот 3 од овој член не може да трае подолго од три години."

Член 2

По членот 23 се додава нов член 23а, кој гласи:

„Стопанската организација за производство на јаглен (рудникот на јаглен) може, и без надоместок на вредноста на неамортизираниот дел од основното средство, да расходува основно средство што е непосредно врзано за производството во рударскиот погон (јамата) кој наполно и трајно ја запрел работата (експлоатацијата), а коешто не може да се користи, пренесе или продаде.

Расходувањето на основното средство според ставот 1 на овој член рудниците на јаглен го вршат непосредно со намалување на својот деловен фонд или непосредно со намалување на својот вкупен приход."

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

**370.**

Врз основа на членот 217 став 1 точка 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, издавам

## У К А З

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНЕНИЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИНТЕРЕСНИТЕ СТОПИ НА ФОНДОВИТЕ ВО СТОПАНСТВОТО

Се прогласува Законот за измена и дополнение на Законот за интересните стопи на фондовите во стопанството, што го усвои Сојузната скупштина, на

седницата на Сојузниот собор од 18 јули 1968 година и на седницата на Стопанскиот собор од 19 јули 1968 година.

ПР бр. 663
20 јули 1968 година
Белград

Претседател на Републиката,
**Јосип Броз Тито**, с. р.

Претседател
на Сојузната скупштина,
**Милентие Поповиќ**, с. р.

## ЗАКОН

### ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНЕНИЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИНТЕРЕСНИТЕ СТОПИ НА ФОНДОВИТЕ ВО СТОПАНСТВОТО

Член 1

Во Законот за интересните стопи на фондовите во стопанството („Службен лист на СФРЈ“, бр. 35/65, 56/65, 4/66, 11/66, 28/66, 52/66, 17/67 и 26/68) во членот 2 став 1 точка 2 зборовите: „производството на јаглен и“ се бришат.

Член 2

Во членот 6 се додава нов став 2, кој гласи:

„Интерес на деловен фонд не се плаќа ниту на средствата на деловните фондови што служат за дејностите на производството на јаглен, сушење на јаглен и брикетирање на јаглен.“

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“, а ќе се применува од 1 јануари 1968 година.

---

**371.**

Врз основа на членот 217 став 1 точка 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, издавам

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ФОРМИРАЊЕТО И УПОТРЕБАТА НА СРЕДСТВАТА НА ЗАЕДНИЧКИТЕ РЕЗЕРВИ НА СТОПАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

Се прогласува Законот за дополнение на Законот за формирањето и употребата на средствата на заедничките резерви на стопанските организации, што го усвои Сојузната скупштина, на седницата на Сојузниот собор од 18 јули 1968 година и на седницата на Стопанскиот собор од 19 јули 1968 година.

ПР бр. 684
20 јули 1968 година
Белград

Претседател на Републиката,
**Јосип Броз Тито**, с. р.

Претседател
на Сојузната скупштина,
**Милентие Поповиќ**, с. р.

## ЗАКОН

### ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ФОРМИРАЊЕТО И УПОТРЕБАТА НА СРЕДСТВАТА НА ЗАЕДНИЧКИТЕ РЕЗЕРВИ НА СТОПАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

Член 1

Во Законот за формирањето и употребата на средствата на заедничките резерви на стопанските организации („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 9/61 и 22/62 и „Службен лист на СФРЈ“, бр. 47/63, 14/65, 12/67 и 54/67) во членот 7а зборовите: „текот на 1967“ се заменуваат со зборовите: „времето од 1 јануари 1967 година до 31 декември 1970“.

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

---

**372.**

Врз основа на членот 217 став 1 точка 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, издавам

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНЕНИЈА НА ОСНОВНИОТ ЗАКОН ЗА ПРОМЕТОТ НА СТОКИ

Се прогласува Законот за дополненија на Основниот закон за прометот на стоки, што го усвои Сојузната скупштина, на седницата на Сојузниот собор од 19 јули 1968 година и на седницата на Стопанскиот собор од 18 јули 1968 година.

ПР бр. 696
20 јули 1968 година
Белград

Претседател,
на Републиката,
**Јосип Броз Тито**, с. р.

Претседател
на Сојузната скупштина,
**Милентие Поповиќ**, с. р.

## ЗАКОН

### ЗА ДОПОЛНЕНИЈА НА ОСНОВНИОТ ЗАКОН ЗА ПРОМЕТОТ НА СТОКИ

Член 1

Во Основниот закон за прометот на стоки („Службен лист на СФРЈ“, бр. 1/67) во членот 26 се додава нов став 2, кој гласи:

„Лицето на кое му е доверено вршењето на дејноста во смисла на ставот 1 од овој член, не може за вршењето на таа дејност да користи дополнителна работа од други лица, ако со републички закон не е определено поинаку.“

Досегашните ст. 2, 3 и 4 стануваат ст. 3, 4 и 5.

Член 2

Во членот 69 став 1 на крајот на точката 5 точката се заменува со точка и запирка и по тоа се додава нова точка 6, која гласи:

„6) ако на лице вон работен однос му довери помала единица или издвоено деловно место без претходно склучен писмен договор или ако го склучи тој договор или врши дејност во таква единица односно издвоено деловно место противно на одредбите од членот 26 на овој закон.“

Член 3

По членот 74 се додава нов член 74а, кој гласи:

„Со парична казна од 100 до 1.000 динари ќе се казни за прекршок лицето од членот 26 на овој закон што користи дополнителна работа на други лица, ако дејствието не претставува кривично дело.

Кон казната од ставот 1 од овој член ќе се изрече и мерката одземање на имотната корист остварена со извршувањето на прекршокот.“

Член 4

Во членот 75 на крајот на ставот 3 се додаваат запирка и зборовите: „како и заштитната мерка одземање на предметот со кој е извршен прекршокот.“.

Во ставот 4 бројот: „50“ се заменува со бројот: „100“.

Член 5

По членот 75 се додава нов член 75а, кој гласи:

„Со парична казна од 200 до 10.000 динари ќе се казни за прекршок физичко лице што неовлас-

тено купува индустриски производи, градежен материјал, добиток, производи од добиток, зеленчук, овошје, жита, алкохолни пијачки и тутун заради натамошна продажба, и ги продава така купените производи, ако дејствието не претставува кривично дело.

Кон казната за делото од ставот 1 на овој член ќе се изрече и заштитната мерка одземање на имотната корист остварена со извршувањето на прекршокот и заштитната мерка одземање на предметот со кој е извршен прекршокот."

Член 6

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

---

**373.**

Врз основа на членот 217 став 1 точка 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, издавам

## У К А З

## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНА НА ОСНОВНИОТ ЗАКОН ЗА ДАНОКОТ НА ПРОМЕТ

Се прогласува Законот за измена на Основниот закон за данокот на промет, што го усвои Сојузната скупштина, на седницата на Сојузниот собор од 19 јули 1968 година и на седницата на Стопанскиот собор од 19 јули 1968 година.

ПР бр. 687
20 јули 1968 година
Белград

Претседател на Републиката,
**Јосип Броз Тито**, с. р.

Претседател
на Сојузната скупштина,
**Милентие Поповиќ**, с. р.

## З А К О Н

## ЗА ИЗМЕНА НА ОСНОВНИОТ ЗАКОН ЗА ДАНОКОТ НА ПРОМЕТ

Член 1

Во Основниот закон за данокот на промет („Службен лист на СФРЈ", бр. 14/65, 29/65, 33/65, 57/65, 52/66, 31/67, 54/67 и 26/68), во членот 66а став 1 запирката и текстот по зборовите: „(екстра лесно)" се заменуваат со зборовите: „не употреби за палење печки во домаќинствата, училиштата, домовите на ученици и студенти и во социјални, детски и здравствени установи, туку за други цели. Со истата казна ќе се казни и работната организација која масло за горење во домаќинството ќе им продаде на купувачи што не се граѓани, училишта, домови за ученици и студенти и социјални, детски и здравствени установи."

Ставот 2 се менува и гласи:

„Како основ за одмерување на казната според ставот 1 на овој член ќе се земе износот на разликата помеѓу платениот данок и данокот пресметан по стопата што во Тарифата на сојузниот данок на промет е определена за промет на дизел-гориво Д, и тоа за годишна потрошувачка на маслото употребено за други цели, а не за целите од ставот 1 на овој член."

Член 2

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

**374.**

Врз основа на членот 217 став 1 точка 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, издавам

## У К А З

## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ЗАКОНОТ НА ТАРИФАТА НА СОЈУЗНИОТ ДАНОК НА ПРОМЕТ

Се прогласува Законот за измени и дополненија на Законот за Тарифата на сојузниот данок на промет, што го усвои Сојузната скупштина, на седницата на Сојузниот собор од 19 јули 1968 година и на седницата на Стопанскиот собор од 19 јули 1968 година.

ПР бр. 685
20 јули 1968 година
Белград

Претседател
на Републиката,
**Јосип Броз Тито**, с. р.

Претседател
на Сојузната скупштина,
**Милентие Поповиќ**, с. р.

## З А К О Н

## ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА ТАРИФАТА НА СОЈУЗНИОТ ДАНОК НА ПРОМЕТ

Член 1

Во Законот за Тарифата на сојузниот данок на промет („Службен лист на СФРЈ", бр. 33/65, 57/65, 4/66, 28/66, 52/66, 5/67, 18/67, 31/67 и 24/68) во членот 8 став 1 во точката 13 на крајот точката се заменува со точка и запирка и по тоа се додава нова точка 14, која гласи:

„14) на промет на трајно усвитени печки на јаглен."

Член 2

Во Тарифата на сојузниот данок на промет, се вршат следните измени и дополненија:

1. Тар. број 5 се менува и гласи:

„На промет на преработки од тутун се плаќа:

| | |
|---|---|
| 1) на сите видови цигари што не се произведени според југословенскиот стандард, односно кои не спаѓаат ниту во една квалитетна група од точката 5 на овој тарифен број, а чија производителска цена без данокот на промет односно набавната цена франко југословенската граница, заедно со царината и царинските давачки, е повисока од 0,70 динари за пакување од 20 парчиња, односно сразмерно на тоа за помало или поголемо пакување, како и на колекции на цигари, екстра цигари и на режан тутун од сите квалитети, освен тутунот за луле — — — — — — — — — | 280% |
| 2) на сите видови цигари што не се произведени според југословенскиот стандард, односно кои не спаѓаат ниту во една квалитетна група од точката 5 на овој тарифен број, а чија производителска цена односно набавна цена франко југословенската граница, заедно со царината и царинските давачки, е до 0,70 динари за пакување од 20 парчиња, односно сразмерно на тоа за помало или поголемо пакување — — — — | 260% |
| 3) а) на тутун за луле — — — — | 60% |
| б) на цигари од сите видови, тутун за џвакање и бурмут — — — | 40% |
| 4) на „црни" цигари — — — — — | 210% |
| 5) на цигари: | |
| — I квалитетна група — — — | 1,77 |
| — I/II квалитетна група — — — | 1,45 |
| — II квалитетна група — — — | 1,20 |
| — IIIа квалитетна група — — — | 1,09 |
| — IIIб квалитетна група — — — | 0,87 |
| — IV квалитетна група — — — | 0,85 |

Забелешка:

1. Даночната основица за производите од точ. 1, 2, 3 и 4 од овој тарифен број е продавната цена на производителот односно продавната цена на увозникот, без данокот на промет.

2. Како даночна основица од точката 5 од овој тарифен број се смета пакување од 20 парчиња. За поголемо или помало пакување данокот се пресметува сразмерно на пакувањето од 20 парчиња.

3. Даночен обврзник е производителот, увозникот или продавачот на големо, според тоа кој од нив тутуновите производи им ги продава на продавачите на мало (на трговијата, угостителството и др.) или на крајните потрошувачи.".

2. Во тар. број 10 точката 7а се брише, а точ. 9, 10 и 11 се менуваат и гласат:

„9) масла за горење: лесно (А), средно (Б) и тешко (Ц), коишто се користат:

а) за погонски цели на поморското и речното бродарство — — — — — — — 14%

б) во градските топлани и во топланите за греење блокови на станбени згради — 25%

в) за енергетски и други цели на сите други корисници — — — — — — — — 39%

10) масло за горење во домаќинството (екстра лесно) кога им се продава на граѓаните за палење печки во домаќинствата, како и кога се продава за палење печки во училиштата, домовите на ученици и студенти и во социјалните, детските и здравствените установи — — — — — — — — 25%.

Ова масло пред пуштањето во промет мора да се обои со јасно црвена боја;

11) минерални мазиви масти, хипоидни и регенерирани масла, како и други масла за подмачкување — — — — — — — — 12,5%".

Во забелешката точката 1 се менува и гласи:

„1. Даночна основица е:

а) за производите од точ. 1 до 8 заклучно — еден kg нето тежина;

б) за производите од точката 9 — продавната цена на производителите (без транспортните трошоци) односно продавната цена на увозникот, со тоа што за даночна основица за овие производи не може да се земе цена помала од 0,18 динари за еден kg нето тежина;

в) за производите од точ. 10 и 11 — продавната цена на производите (чл. 29 и 30 од Основниот закон за данокот на промет)."

Во забелешката, во точката 4 алинејата 4 се менува и гласи:

„— масло за горење, ако се употреби за производство на сурово железо и челик, како и специјалното масло за горење „Марина", ако се употреби за погон на бродови на воената морнарица;".

Член 3

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

---

375.

Врз основа на членот 217 став 1 точка 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, издавам

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ЦАРИНСКИОТ ЗАКОН

Се прогласува Законот за измени и дополненија на Царинскиот закон, што го усвои Сојузната скупштина, на седницата на Сојузниот собор од 18 јули 1968 година и на седницата на Стопанскиот собор од 18 јули 1968 година.

ПР бр. 701
20 јули 1968 година
Белград

Претседател
на Републиката,
**Јосип Броз Тито**, с. р.

Претседател
на Сојузната скупштина,
**Милентие Поповиќ**, с. р.

## ЗАКОН

### ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ЦАРИНСКИОТ ЗАКОН

Член 1

Во Царинскиот закон („Службен лист на ФНРЈ", бр. 24/59 и 13/63 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 16/65 и 16/67), во членот 11 се додаваат нови ставови 2 и 3, кои гласат:

„(2) Царинење на стоките што се увезуваат врши, по правило, царинарницата што ќе ја определи увозникот.

(3) Директорот на Сојузната управа за царини може да ги определи граничните царинарници што, со оглед на техничките и други услови, не можат да вршат царинење на стоките што се увезуваат."

Член 2

По членот 68 се додава нов член 68а, кој гласи:

„(1) На барање од подносителот на декларацијата царинарницата може да одобри царинењето на стоките што се увезуваат односно извезуваат да се изврши надвор од местото во кое е седиштето на царинарницата.

(2) Трошоците за царинење на стоките од ставот 1 на овој член (патни трошоци и дневници) на царинарницата ѝ ги надоместува подносителот на барањето за царинење."

Член 3

По членот 70 се додаваат два нови члена, кои гласат:

„Член 70а

(1) Од царинскиот обврзник кој стасаната царина и другите давачки што се наплатуваат во царинската постапка не ги платил во пропишаниот рок, наплатата ќе се изврши по присилен пат.

(2) Присилната наплата се врши според прописите за присилна наплата на придонесите и даноците од граѓаните, односно согласно со прописите за наплата на приходот на буџетот и фондовите од стопанските организации.

Член 70б

Како извршни наслови во постапката за извршување односно присилна наплата се сметаат:

1) извршното решение на царинарницата;

2) царинската декларација според која е извршено царинењето, ако подносителот на декларацијата во законскиот рок не поднесол приговор;

3) пресметката на царинските давачки во патничкиот промет, снабдена со клаузула на извршност."

Член 4

По членот 127 се додава нов член 127а, кој гласи:

„(1) Патник што доаѓа од странство може со себе да внесе стоки само за потребите на своето домаќинство во вкупна вредност до 1.000 динари.

(2) Како стоки од ставот 1 на овој член не се сметаат:

1) стоки во количини што е очигледно дека се наменети за препродажба;

2) инсталациони и градежни материјали.

(3) Ако патникот со себе носи други стоки а не стоките од ставот 1 на овој член, должен е тие стоки во рок од три дена од денот на внесувањето

да му ги предаде на превоз на овластениот возач, под царински надзор, или во тој рок да ги врати во странство. Ако патникот во тој рок не ги врати стоките во старнство односно не му ги предаде на превоз на овластениот возач, со нив ќе се постапи како со стоките чиј увоз е забранет."

Член 5

Во членот 158 ставот 1 се менува и гласи:

„(1) Ако вредноста на стоките со кои е извршен прекршокот од членот 152 на овој закон е помала од 500 динари, царинскиот службеник е овластен на лице место да ги одземе таквите стоки и да наплати парична казна во износ од 50 динари."

Член 6

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

---

**376.**

Врз основа на членот 217 став 1 точка 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, издавам

## У К А З

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА ЦАРИНСКАТА ТАРИФА

Се прогласува Законот за измени и дополненија на Законот за Царинската тарифа, што го усвои Сојузната скупштина, на седницата на Сојузниот собор од 19 јули 1968 година и на седницата на Стопанскиот собор од 18 јули 1968 година.

ПР бр. 702
20 јули 1968 година
Белград

Претседател
на Републиката,
**Јосип Броз Тито**, с. р.

Претседател
на Сојузната скупштина,
**Милентие Поповиќ**, с. р.

## З А К О Н

### ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА ЦАРИНСКАТА ТАРИФА

Член 1

Во Царинската тарифа која е составен дел од Законот за Царинската тарифа („Службен лист на СФРЈ", бр. 34/65, 49/66, 5/67, 54/67, 9/68 и 22/68) се вршат следните измени и дополненија:

„1) во тар. бр. 05.10, 05.11 и 05.12 царинската стопа: „10" се заменува со царинската стопа: „5%";

2) во тар. бр. 15.12 во точката 3 царинската стопа: „8" се заменува со царинската стопа: „Сл.";

3) во тар. бр. 19.04 царинската стопа: „10" се заменува со царинската стопа: „Сл.";

4) во тар. бр. 25.12 по точката 1 се додава нова точка 2, која гласи:

„2) Калциниран хемиски третиран киселгур — — — — — — — — — — 10".

Досегашната точка 2 станува точка 3;

5) во тар. бр. 28.01 во точката 2 под а) царинската стопа: „10" се заменува со царинската стопа: „2";

6) во тар. бр. 28.03 наименувањето на точката 1 се менува и гласи:

„1) јаглерод, вклучувајќи ги високоактивните, активните и полуактивните јаглени саѓи од антрацен и ацетилен и саѓите од чад";

7) во тар. бр. 28.04 точката 4 под г) се менува и гласи:

„г) силициум:

1) силициум монокристал како полупроводник — — — — — — — — — Сл.

2) друг силициум — — — — — — — 15";

8) во тар. бр. 28.06 во точката 1 царинската стопа: „2" се заменува со царинската стопа: „10";

9) во тар. бр. 28.08 во точката 1 под а) и б) и точката 2 царинската стопа: „3" се заменува со царинската стопа: „10";

10) во тар. бр. 28.09 во точката 1 под а) и б) и тачката 2 царинската стопа: „3" се заменува со царинската стопа: „10";

11) во тар. бр. 28.21 во точката 1 под б) царинската стопа: „6" се заменува со царинската стопа: „10";

12) во тар. бр. 28.27 во точката 2 царинската стопа: „5" се заменува со царинската стопа: „10";

13) во тар. бр. 28.38 во точката 1 по одредбата под о) се додава нова одредба под п), која гласи:

„п) хром — — — — — — — — 10"

Досегашната одредба под п) станува одредба под р);

14) во тар. бр. 28.40 во точката 3 одредбата под в) се менува и гласи:

„в) натриум:

1) натриумтриполифосфат — — — 10

2) други фосфати на натриум — — 3".

Одредбата под г) на истата точка се менува и гласи:

„г) калциум:

1) дикалциумфосфат — — — — — 10

2) други фосфати на калциум — — 3";

15) во тар. бр. 28.45 во точката 2 царинската стопа: „3" се заменува со царинската стопа: „10";

16) во тар. бр. 28.47 во точката 1 под а) и б) царинската стопа: „8" се заменува со царинската стопа: „10";

17) во тар. бр. 29.14 по точката 4 се додава нова точка 5, која гласи:

„5) Друго — — — — — — — — — 6";

18) во тар. бр. 38.07 точката 1 се менува и гласи:

„1) Терпентинско масло — — — — 10 и 0,85 динари за 1 килограм";

19) во тар. бр. 38.08 точката 1 се менува и гласи:

„1) Калофониум — — — — — — 10 и 2 динари за 1 килограм";

20) во тар. бр. 39.01 во точката 1 под в) и точката 2 под в) царинската стопа: „6" се заменува со царинската стопа: „10".

По точката 6 се додава нова точка 7, која гласи:

„7) Полиуретанска пена — — — — 10".

Досегашната точка 7 станува точка 8;

21) во тар. бр. 48.01 во точката 5 по одредбата под г) се додава нова одредба под д), која гласи:

„д) целулозен ацетатен кабел — — — 3";

22) во тар. бр. 51.01 во точката 1 под а) и в) и точката 2 под а) царинската стопа: „10" се заменува со царинската стопа: „12".

Во точката 2 под г) царинската стопа: „7" се заменува со царинската стопа: „12";

23) во тар. бр. 55.01 царинската стопа: „3" се заменува со царинската стопа: „Сл.";

24) во тар. бр. 56.01 во точката 1 и точката 2 под а) и б) царинската стопа: „7" се заменува со царинската стопа: „12";

25) во тар. бр. 56.02 царинската стопа: „5" се заменува со царинската стопа: „12";

26) во тар. бр. 56.04 во точката 1 под а) и б) и точката 2 под а) и б) царинската стопа: „9" се заменува со царинската стопа: „12";

27) во тар. бр. 56.05 во точ. 1 и 2 царинската стопа: „10" се заменува со царинската стопа: „12";

28) во тар. бр. 56.06 во точ. 1 и 2 царинската стопа: „16" се заменува со царинската стопа: „20";

29) во тар. бр. 59.17 точката 2 се менува и гласи:
„2) Авто-корд од рајон и синтетични предива (како ткаенина):
а) импрегниран — — — — — — 12
б) неимпрегниран — — — — — — 12";
30) тар. бр. 62.03 се менува и гласи:
„62.03 Вреќи и торби од сите видови што се употребуваат за пакување стоки:
1) вреќи од јута — — — — — — 20
2) друго — — — — — — — — 22";
31) во тар. бр. 66.01 во точката 2 царинската стопа: „22" се заменува со царинската стопа: „21,2";
32) во тар. бр. 69.01 во точката 2 царинската стопа: „6" се заменува со царинската стопа: „12".

Член 2

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

**377.**

Врз основа на членот 217 став 1 точка 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, издавам

## У К А З

## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ОСНОВНИОТ ЗАКОН ЗА ИЗГРАДБАТА НА ИНВЕСТИЦИОНИТЕ ОБЈЕКТИ

Се прогласува Законот за измени и дополненија на Основниот закон за изградбата на инвестиционите објекти, што го усвои Сојузната скупштина, на седницата на Сојузниот собор од 19 јули 1968 година и на седницата на Стопанскиот собор од 18 јули 1968 година.

ПР бр. 695
20 јули 1968 година
Белград

Претседател
на Републиката,
**Јосип Броз Тито**, с. р.

Претседател
на Сојузната скупштина,
**Милентие Поповиќ**, с. р.

## З А К О Н

## ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ОСНОВНИОТ ЗАКОН ЗА ИЗГРАДБАТА НА ИНВЕСТИЦИОНИТЕ ОБЈЕКТИ

Член 1

Во Основниот закон за изградбата на инвестиционите објекти („Службен лист на СФРЈ", бр. 20/67), во членот 48 ставот 1 се менува и гласи:

„Изведување на одделни работи на инвестиционен објект може со договор да им се предадат на изведување и на занаетчиски дуќани на самостојни занаетчии регистрирани за вршење на дејноста во која спаѓаат тие работи. Забрането е посредување на тие дуќани и други граѓани во изведувањето на тие работи, како и секоја приватна претприемачка дејност во тие работи."

Член 2

Во членот 81 став 1 точка 4 наместо зборот: „отстапи", се стават зборовите: „со договор предаде".

Член 3

Во членот 87 во уводната реченица по зборот: „дуќани" се додаваат зборовите: „или друг граѓанин".

Во точката 1 на крајот се додаваат зборовите: „или ако посредуваат во изведување работи на инвестиционен објект или вршат претприемачка дејност во тие работи (член 48 став 1).".

Се додава нов став 2, кој гласи:

„Кон казната за прекршокот од ставот 1 на овој член ќе се изрече и заштитната мерка одземање на имотната корист остварен со извршениот прекршок."

Член 4

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

**378.**

Врз основа на членот 217 став 1 точка 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија издавам

## У К А З

## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИДОНЕСОТ НА ОПРЕДЕЛЕНИ ИНВЕСТИЦИИ

Се прогласува Законот за придонесот на определени инвестиции, што го усвои Сојузната скупштина, на седницата на Сојузниот собор од 19 јули 1968 година и на седницата на Стопанскиот собор од 19 јули 1968 година.

ПР бр. 681
20 јули 1968 година
Белград

Претседател на Републиката,
**Јосип Броз Тито**, с. р.

Претседател
на Сојузната скупштина,
**Милентие Поповиќ**, с. р.

## З А К О Н

## ЗА ПРИДОНЕСОТ НА ОПРЕДЕЛЕНИ ИНВЕСТИЦИИ

Член 1

Корисниците на општествен имот (инвеститорите) на инвестиционите вложувања определени со овој закон плаќаат придонес (во натамошниот текст: придонес на инвестиции).

Член 2

Инвеститорите што ќе пристапат кон градење на термоелектрани, индустриски или градски топлани, топлани за загревање блокови на станбени згради, во кои за горење се користат течни горива, плаќаат придонес на инвестиции по стопа од 40% на вкупната вредност на објектот.

Член 3

Придонесот на инвестиции се плаќа пред исплатата на работите на објектите и постројките од членот 2. на овој закон, со тоа што тој мора да се намири во целина пред да се пушти објектот односно постројката во погон.

Член 4

Одредбите на чл. 1 до 3 од овој закон нема да се применуваат на објектите чие градење почнало пред 30 јуни 1968 година.

Член 5

Придонесот на инвестиции е приход на федерацијата.

Придонесот на инвестиции ѝ се отстапува на републиката на чија територија е наплатен средствата од овој придонес републиките можат да ги употребат само за унапредување на производството на јаглен, за преквалификација на рудари и за намирување на други трошоци настанати поради запирање на производството во рударски погони (јами) односно рудници.

Придонесот на инвестиции се уплатува на посебна сметка кај централата на Службата на општественото книговодство во републиката.

Член 6

Се овластува сојузниот секретар за финансии, во спогодба со сојузниот секретар за стопанство, да донесува поблиски прописи за начинот на пресметувањето и плаќањето на придонесот на инвестиции, како и за тоа кога се смета дека градењето, почнало во смисла на членот 4 од овој закон и за документацијата со која тоа се докажува.

Член 7

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

---

**379.**

Врз основа на членот 217 став 1 точка 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, издавам

## У К А З

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА СОЈУЗНИТЕ ПРИДОНЕСИ ОД ЛИЧНИОТ ДОХОД НА ГРАЃАНИТЕ

Се прогласува Законот за измени и дополненија на Законот за сојузните придонеси од личниот доход на граѓаните, што го усвои Сојузната скупштина, на седницата на Сојузниот собор од 19 јули 1968 година и на седницата на Стопанскиот собор од 19 јули 1968 година.

ПР бр. 686
19 јули 1968 година
Белград

Претседател
на Републиката,
**Јосип Броз Тито**, с. р.

Претседател
на Сојузната скупштина,
**Милентие Поповиќ**, с. р.

## З А К О Н

### ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА СОЈУЗНИТЕ ПРИДОНЕСИ ОД ЛИЧНИОТ ДОХОД НА ГРАЃАНИТЕ

Член 1

Во Законот за сојузните придонеси од личниот доход на граѓаните („Службен лист на СФРЈ", бр. 5/65, 35/65, 57/65, 28/66, 52/66 и 54/67) во членот 1 точката 3 се брише.

Досегашната точка 4 станува точка 3.

Член 2

Чл. 6, 7 и 8 се бришат.

Член 3

По членот 9 се додава нов член 9а, кој гласи:

„Од 1 август 1968 година до 31 декември 1970 година сојузниот придонес од личниот доход од работен однос што се пресметува и плаќа од личните доходи на работниците запослени во производството на јаглен им се отстапува на работните организации што ја вршат таа дејност."

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

**380.**

Врз основа на членот 217 став 1 точка 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, издавам

## У К А З

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОСНОВНИОТ ЗАКОН ЗА ПОСЕБНИТЕ УСЛОВИ ЗА ЗДОБИВАЊЕ СО ПЕНЗИЈА НА РАБОТНИЦИТЕ ЗАПОСЛЕНИ ВО РУДНИЦИТЕ НА ЈАГЛЕН

Се прогласува Основниот закон за посебните услови за здобивање со пензија на работниците запослени во рудниците на јаглен, што го усвои Сојузната скупштина, на седницата на Сојузниот собор од 19 јули 1968 година и на седницата на Социјално-здравствениот собор од 17 јули 1968 година.

ПР бр. 688
20 јули 1968 година
Белград

Претседател на Републиката,
**Јосип Броз Тито**, с. р.

Претседател
на Сојузната скупштина,
**Милентие Поповиќ**, с. р.

## ОСНОВЕН ЗАКОН

### ЗА ПОСЕБНИТЕ УСЛОВИ ЗА ЗДОБИВАЊЕ СО ПЕНЗИЈА НА РАБОТНИЦИТЕ ЗАПОСЛЕНИ ВО РУДНИЦИТЕ НА ЈАГЛЕН

Член 1

Со републички закон може, во согласност со одредбите од овој закон, според специфичните услови и можности во одделни републики да се установи правото на исклучително здобивање со пензија на работниците во рудниците на јаглен.

Член 2

Правото на исклучително здобивање со пензија може да се установи со републички закон, без оглед на годините на животот на работникот, ако работникот има најмалку 20 години пензиски стаж во ефективно траење од што најмалку 15 години ефективно проведени во рудници на јаглен непосредно во производството на подземни работи, односно најмалку 25 години пензиски стаж во ефективно траење од што најмалку 15 години ефективно проведени во рудници на јаглен на подземни работи во врска со производството (член 2 оддел I точ. 3 и 6 од Законот за утврдување на работните места на кои стажот на осигурувањето се смета со наголемено траење — „Службен лист на СФРЈ", бр. 17/68).

Во 20 односно 25 години пензиски стаж од ставот 1 на овој член се сметаат во ефективно траење периодите што според Основниот закон за пензиското осигурување („Службен лист на СФРЈ", бр. 51/64, 56/65, 14/66, 1/67, 18/67, 31/67, 54/67 и 17/68) се сметаат во стаж на осигурувањето, а од периодите на посебниот стаж според тој закон — само времето на учеството во Народноослободителната војна, времето поминато во заробеништво и времето на прекинот на работниот однос поради околностите предизвикани со војната (чл. 140, 141 и 145 од Основниот закон за пензиското осигурување).

Член 3

Со републички закон се утврдуваат критериумите според кои престанување на работата на работник дава основ за исклучително здобивање пензија. Со тој закон се утврдува и временското раздобје во кое престанувањето на работниот однос пред влегувањето во сила на овој закон, дава основ за здобивање со правото на таква пензија.

Член 4

За работниците од членот 1 од овој закон важат одредбите од Основниот закон за пензиското

осигурување, ако со овој закон не е определено поинаку, со тоа што во поглед примената на тие одредби овие работници се изедначуваат со осигурениците што ги наполниле со тој закон пропишаните години на животот за здобивање со старосна пензија.

Уживателите на пензија што пензијата ја остариле во смисла на овој закон се здобиваат со правото врз основа на стажот на осигурувањето навршен по остварувањето на пензијата како уживатели на предвремена пензија според Основниот закон за пензиското осигурување (член 39 од Основниот закон за пензиското осигурување).

Со републички закон можат, заради обезбедување на соодветна материјална положба на уживателите на пензија здобиена во смисла на овој закон, да се установат посебни мерила за здобивање заштитен додаток и определување височината на тој додаток, во поглед на граничниот износ, влијанието на приходот на домаќинството на уживателите на пензија здобиена според тој закон, како и влијанието на должината на пензискиот стаж врз височината на тој додаток.

Член 5

Со републички закон се утврдува и начинот на обезбедувањето на посебните средства за покритие на зголемените обврски на фондот на инвалидското и пензиското осигурување што настануваат поради признавањето и користењето на пензијата под посебните услови во смисла на овој закон.

Со републички закон можат да се пропишат условите и начинот на признавањето на поголем пензиски стаж од оној што работниците од членот 1 на овој закон го наполниле, заради обезбедување поголем износ на пензија, под услов да се предвидат и посебни средства за покритие на така признаениот стаж (откуп на стаж).

Износот на средствата потребни за покритие на зголемените обврски на фондот на инвалидското и пензиското осигурување во смисла на ст. 1 и 2 од овој член го утврдува собранието на републичката заедница на социјалното осигурување во спогодба со републичкото собрание.

Член 6

Правото на старосна пензија установено во смисла на овој закон може да се оствари само по барања поднесени најдоцна до 31 декември 1969 година.

Член 7

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

**381.**

Врз основа на членот 217 став 1 точка 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, издавам

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНЕНИЈА НА ОСНОВНИОТ ЗАКОН ЗА ПАЗАРНАТА ИНСПЕКЦИЈА

Се прогласува Законот за дополненија на Основниот закон за пазарната инспекција, што го усвои Сојузната скупштина, на седницата на Сојузниот собор од 19 јули 1968 година и на седницата на Организационо-политичкиот собор од 17 јули 1968 година.

ПР бр. 692
20 јули 1968 година
Белград

Претседател на Републиката,
**Јосип Броз Тито**, с. р.

Претседател
на Сојузната скупштина,
**Милентие Поповиќ**, с. р.

## ЗАКОН

### ЗА ДОПОЛНЕНИЈА НА ОСНОВНИОТ ЗАКОН ЗА ПАЗАРНАТА ИНСПЕКЦИЈА

Член 1

Во Основниот закон за пазарната инспекција („Службен лист на СФРЈ", бр. 12/65) во членот 11 во точката 5 на крајот точката се заменува со точка и запирка и се додава нова точка 6, која гласи:

„6) според одредбите на чл. 262 и 263 од Законот за општата управна постапка да го поништи или укине нивното решение."

Член 2

Во членот 13 став 1 на крајот се додаваат запирка и зборовите: „како и тоа сам да го утврдува идентитетот на физичките лица".

Член 3

Во членот 30 се додава нов став 2, кој гласи:

„Извршното решение на пазарниот инспектор може да се изврши на начинот пропишан со членот 286 на Законот за општата управна постапка и без претходна примена на средствата предвидени во членот 285 на тој закон."

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

**382.**

Врз основа на членот 217 став 1 точка 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, издавам

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ОСНОВНИОТ ЗАКОН ЗА ОРГАНИЗАЦИЈАТА НА ПРЕВОЗОТ СО МОТОРНИ ВОЗИЛА ВО ДРУМСКИОТ СООБРАЌАЈ

Се прогласува Законот за измени и дополненија на Основниот закон за организацијата на превозот со моторни возила во друмскиот сообраќај, што го усвои Сојузната скупштина, на седницата на Сојузниот собор од 19 јули 1968 година и на седницата на Стопанскиот собор од 18 јули 1968 година.

ПР бр. 697
20 јули 1968 година
Белград

Претседател на Републиката,
**Јосип Броз Тито**, с. р.

Претседател
на Сојузната скупштина,
**Милентие Поповиќ**, с. р.

## ЗАКОН

### ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ОСНОВНИОТ ЗАКОН ЗА ОРГАНИЗАЦИЈАТА НА ПРЕВОЗОТ СО МОТОРНИ ВОЗИЛА ВО ДРУМСКИОТ СООБРАЌАЈ

Член 1

Во Основниот закон за организацијата на превозот со моторни возила во друмскиот сообраќај („Службен лист на СФРЈ", бр. 27/65) во членот 2 по ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„Јавен превоз можат да вршат и граѓани на кои им е тоа основно занимање, под условите што се пропишани со закон."

Член 2

Членот 3 се менува и гласи:

„Јавен превоз може да се врши само со моторно возило кое, покрај условите утврдени со пропи-

сите за безбедноста на сообраќајот, ги исполнува пропишаните техничко-експлоатациони услови и ги има својствата предвидени со југословенските стандарди.

Како техничко-експлоатациони услови, во смисла на овој закон, се подразбираат условите што моторно возило, зависно од видот и карактерот на превозот, мора да ги исполнува заради осигурување квалитетен превоз.

Сојузниот секретар за стопанство ги утврдува техничко-експлоатационите услови за моторните возила со кои се врши јавниот превоз."

Член 3

Во членот 4 се додава нов став 2 кој гласи:

„Одредбата на ставот 1 од овој член не се однесува на товарните возила со кои граѓаните вршат јавен превод на предмети или превоз на предмети за сопствени потреби."

Досегашниот став 2 станува став 3.

Член 4

Во членот 9 се додава нов став 2, кој гласи:

„Јавен превоз во линискиот друмски сообраќај можат да вршат стопанските организации од членот 2 ст. 1 и 2 на овој закон."

Член 5

Во членот 10 ставот 2 се менува и гласи:

„При утврдувањето на возниот ред превозникот е должен да обезбеди минималното време на возењето на релациите односно линиите и нивните делови да им одговара на дозволените брзини и на густината на сообраќајот односно на состојбата и техничко-сообраќајните карактеристики на односниот пат."

Член 6

Во членот 12 став 1 по зборот: „комисија" запирката и зборовите: „која се состои од три члена" се бришат.

Ставот 2 се менува и гласи:

„За одлучување за спорните работи по прашањето за усогласување на возните редови за превоз помеѓу две или повеќе републики и во меѓународниот друмски сообраќај, се формира арбитражна комисија при Сојузната стопанска комора."

По ставот 3 се додава нов став 4, кој гласи:

„Формирањето и начинот на работа на арбитражната комисија од ставот 2 на овој член ги определува Сојузната стопанска комора."

Член 7

Членот 13 се менува и гласи:

„Превозот во линискиот друмски сообраќај превозникот може да го започне дури откако ќе го регистрира возниот ред.

Возниот ред за превоз на патници што се врши на територијата на две или повеќе републики и во меѓународниот друмски сообраќај се регистрира кај Сојузната стопанска комора."

Член 8

Во членот 15 став 1 точка 2 по зборот: „превозниците" се брише запирката и се додаваат зборовите: „или склучување договор за деловно-техничка соработка помеѓу превозниците заради заедничко вршење превоз на определени линии.".

Член 9

Во членот 19 ставот 2 се брише.

Член 10

По членот 24 се додава нов оддел 4 со два нови члена, кои гласат:

„4. Превоз со моторни возила што го вршат граѓани

Член 24а

Граѓанинот може да врши јавен превоз во слободниот друмски сообраќај и авто-такси превоз само со сопствено возило што лично го управува, и тоа: превоз на лица — со патнички автомобил со најмногу 5 седишта, сметајќи го и местото на возачот, а превоз на предмети — со товарно моторно возило до 5 тона носивост.

За вршење јавен превоз во слободниот друмски сообраќај и во авто-такси превозот граѓанинот може да користи само едно возило.

Јавниот превоз во слободниот друмски сообраќај и авто-такси превозот граѓанинот може да ги врши само врз основа на одобрение за работа, што го издава надлежниот орган на собранието на општината на чија територија тој има свое живеалиште.

Одобрението за работа од ставот 3 на овој член се издава по постапката утврдена со републички пропис.

Член 24б

Граѓанинот што врши јавен превоз во слободниот друмски сообраќај односно авто-такси превоз должен е да води книга за работата (возењето) во која се внесуваат сите податоци за извршените услуги и за наплатениот надоместок за тие услуги."

Член 11

Во членот 25 по ставот 3 се додаваат два нови става, кои гласат:

„Како превоз на предмети што граѓанинот го врши за сопствени потреби се смета превозот на предмети што тој, во рамките на својата дејност, ги произвел, преработил или поправил или за тие цели ги набавил, како и превозот на предмети за потребите на своето домаќинство.

За превоз на предмети за сопствени потреби граѓанинот може да користи товарно моторно возило до најмлаку два тона носивост."

Член 12

Во членот 34 став 2 точка 5 зборовите: „во превозот (транзитот)" се бришат.

Член 13

По членот 40 се додава нов член 40а, кој гласи:

„За вршење инспекција инспекторите на друмскиот сообраќај мораат да имаат посебна легитимација.

Легитимацијата од ставот 1 на овој член ја издава старешината на органот на управата во чие име се врши инспекциската работа."

Член 14

Во членот 42 став 1 во уводната реченица зборовите: „од 50.000 до 5,000.000" се заменуваат со зборовите: „од 500 до 100.000", во точката 1 по бројот: „2" се додаваат зборовите: „ст. 1 и 2", а во точката 5 зборовите: „став 1" се бришат.

Во ставот 2 зборовите: „од 5.000 до 50.000" се заменуваат со зборовите: „од 100 до 1.000".

Ставот 3 се брише.

Член 15

По членот 42 се додава нов член 42а, кој гласи:

„Со парична казна од 500 до 10.000 динари ќе се казни за прекршок странски превозник, ако изврши превоз на патници и предмети на територијата на Југославија а за такво вршење превоз нема дозвола односно таквото вршење на превоз не е предвидено со меѓународна спогодба (чл. 23 и 24)."

Член 16

Во членот 43 став 1 точка 3) се додава нова алинеја б), која гласи:

б) при утврдувањето на возниот ред не обезбеди минималното време на возењето да им одговара на дозволените брзини и на густината на сообраќајот

на патот односно на состојбата и сообраќајно-техничките карактеристики на односниот пат (член 10 став 2);".

Досегашните алинеи б) и в) од истата точка стануваат алинеи в) и г).

Во ставот 2 зборовите: „од 2.000 до 20.000" се заменуваат со зборовите: „од 50 до 500".

Член 17

Во членот 44 став 1 во уводната реченица зборовите: „од 10.000 до 100.000" се заменуваат со зборовите: „од 200 до 2.000", а во точката 1 зборот: „јавен" се брише.

Во ставот 2 зборовите: „од 1.000 до 10.000" се заменуваат со зборовите: „од 20 до 200".

Член 18

Во членот 45 став 1 во уводната реченица зборовите: „од 20.000 до 200.000" се заменуваат со зборовите: „од 300 до 3.000".

Во ставот 2 зборовите: „од 5.000 до 20.000" се заменуваат со зборовите: „од 50 до 500".

Член 19

Членот 46 се менува и гласи:

„Со парична казна од 300 до 10.000 динара ќе се казни за прекршок граѓанин:

1) ако врши јавен превоз во слободниот друмски сообраќај или авто-такси превоз, иако вршењето на таквиот превоз не му е основно занимање (член 2 став 3);

2) ако изврши јавен превоз во линискиот друмски сообраќај (член 9 став 2);

3) ако во слободниот друмски сообраќај или во авто-такси превозот врши превоз на лица со патничко возило со повеќе 5 седишта за патници, сметајќи го и местото за возачот, или ако за превозот на предмети користи товарно моторно возило со поголема носивост од 5 тона (член 24а став 1);

4) ако сопствено моторно возило довери на друго лице за вршење јавен превоз во слободниот друмски сообраќај или авто-такси превоз, или ако тој превоз го врши без одобрение за работа (член 24а ст. 1 и 3);

5) ако не ја води или неуредно ја води книгата за работата (возењето) при вршењето на јавен превоз во слободниот друмски сообраќај или во авто-такси превозот (член 24б);

6) ако постапи спротивно на одредбата од членот 25 ст. 4 и 5 на овој закон;

7) ако го оневозможи или спречи вршењето на работите од делокругот на службата за инспекција на друмскиот сообраќај (член 37)."

Член 20

По членот 46 се додава нов член 46а, кој гласи:

„За прекршокот наведен во членот 43 став 1 точка 3 под б) од овој закон во повторен случај кај иста линија, покрај парична казна, ќе се изрече заштитната мерка забрана на вршење превоз на таа линија најмалку за една година и ќе се определи бришење на таа линија од регистарот на автобуските возни редови за тој временски период."

За прекршоците наведени во членот 42 и членот 46 точ. 1, 3, 4 и 6 од овој закон, покрај паричната казна, ќе се изрече и заштитната мерка одземање на имотната корист остварена со извршувањето на прекршокот, а може да се изрече и заштитната мерка одземање на моторното возило со кое прекршокот е извршен.

За прекршокот од членот 46 точка 4 од овој закон, покрај паричната казна и заштитните мерки од ставот 2 на овој член може да се изрече и заштитната мерка одземање на одобрението за работа во траење од една година."

Член 21

Членот 47 се менува и гласи:

„Граѓаните што вршат јавен превоз во слободниот друмски сообраќај и авто-такси превоз на лица и предмети должни се до 1 октомври 1968 година да прибаваат ново одобрение за вршење таков превоз според одредбите од овој закон.

Од 1 октомври 1968 година граѓаните не можат да вршат јавен превоз во слободниот друмски сообраќај и авто-такси превоз на лица и предмети врз основа на одобрение односно дозвола издадена според досегашните прописи.

Роковите од ст. 1 и 2 на овој член можат, по потреба, со републички прописи да се продолжат најмногу до три месеци.

Граѓанин што набавил товарно моторно возило за вршење јавен превоз во слободниот друмски сообраќај, со носивост над 5 тона, пред денот на влегувањето во сила на овој закон, може таквото возило да го користи до 30 јуни 1969 година.

Граѓанин што набавил товарно моторно возило со носивост над 2 тона пред денот на влегувањето во сила на овој закон, може таквото возило за превоз за сопствени потреби да го користи до 31 декември 1968 година."

Член 22

Се овластува Законодавно-правната комисија на Сојузната скупштина да го утврди пречистениот текст на Основниот закон за организацијата на превозот со моторни возила во друмскиот сообраќај.

Член 23

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

---

**383.**

Врз основа на членот 217 став 1 точка 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, издавам

## У К А З

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНЕНИЈА НА ОСНОВНИОТ ЗАКОН ЗА УГОСТИТЕЛСКАТА ДЕЈНОСТ

Се прогласува Законот за дополненија на Основниот закон за угостителската дејност, што го усвои Сојузната скупштина, на седницата на Сојузниот собор од 19 јули 1968 година и на седницата на Стопанскиот собор од 18 јули 1968 година.

ПР бр. 699
20 јули 1968 година
Белград

Претседател на Републиката,
**Јосип Броз Тито**, с. р.

Претседател
на Сојузната скупштина,
**Милентије Поповиќ**, с. р.

## З А К О Н

### ЗА ДОПОЛНЕНИЈА НА ОСНОВНИОТ ЗАКОН ЗА УГОСТИТЕЛСКАТА ДЕЈНОСТ

Член 1

Во Основниот закон за угостителската дејност („Службен лист на СФРЈ", бр. 8/65 и 15/68) по членот 19 се додава нов член 19а, кој гласи:

„Со пропис на републиката можат да се определат податоците и евиденциите што стопанските организации кои вршат угостителска дејност се должни да ги водат заради следење на движењето на цените на угостителските услуги и вршење на општествена контрола."

Член 2

В членот 20 став 1 по зборот: „одделни" се додава зборот: „помали".

Член 3

Во членот 21 по ставот 3 се додава нов став 4, кој гласи:

„Лицето на кое му е доверено вршење на дејноста во смисла на овој член и на членот 20 од овој закон, не може за вршење на таа дејност да користи дополнителен труд на други лица, ако со републички закон не е определено поинаку."

Член 4

Во членот 36 по ставот 1 се додаваат три нови става, кои гласат:

„Граѓанин може да има само еден угостителски дуќан. Угостителски дуќан може да основе граѓанин на кој вршењето на угостителска дејност во тој дуќан му е основно занимање, ако со закон на републиката не е определено поинаку.

Нема да се издаде одобрение за основање угостителски дуќан на самостоен угостител на лице кое припаѓа на потесно семејство чиј еден член веќе врши угостителска дејност на самостоен угостител."

Член 5

Во членот 37 став 4 на крајот се додаваат запирка и зборовите: „како ниту работата на учениците што угостителскиот дуќан на самостојниот угостител е должен да ги држи според важечките прописи".

Член 6

Во членот 49 се додава нов став 2, кој гласи:

„Со парична казна од ставот 1 на овој член ќе се казни за прекршок лицето од членот 20 на овој закон кое користи дополнителен труд на други лица (член 21 став 3), ако дејството не претставува кривично дело. Кон паричната казна ќе се изрече и заштитната мерка одземање на имотната корист остварена со извршувањето на прекршокот."

Член 7

По членот 49 се додаваат два нови члена, кои гласат:

„Член 49а

Со парична казна од 300 до 3.000 динари ќе се казни за прекршок физичко лице што врши угостителска дејност без одобрение.

Кон казната од ставот 1 на овој член ќе се изрече и заштитната мерка одземање на имотната корист остварена со извршувањето на прекршокот, како и заштитната мерка одземање на предметите што се употребени за извршување на прекршокот.

Член 49б

Со парична казна од 300 до 3.000 динари ќе се казни за прекршок самостоен угостител што употребува дополнителен труд на други лица над бројот определен со законот, ако тоа дејствие не претставува кривично дело.

Кон казната од ставот 1 на овој член ќе се изрече и заштитната мерка одземање на имотната корист остварена со извршувањето на прекршокот, а во повторен случај може да се изрече заштитната мерка одземање на одобрението за вршење угостителска дејност на самостоен угостител во траење до една година."

Член 8

Постојните дуќани на самостојни угостители престануваат со работата во рокот што ќе го определи законот на републиката, а најдоцна на 31 декември 1968 година, ако вршењето на угостителската дејност не му е основно занимање на сопственикот на дуќанот (член 4 став 2) односно ако сопственикот на дуќанот нема право на вршење угостителска дејност (член 4 став 4).

Со закон на републиката ќе се определи постапката во врска со престанокот на дуќаните од ставот 1 на овој член.

Член 9

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

---

**384.**

Врз основа на членот 217 став 1 точка 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, издавам

## У К А З

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОСНОВНИОТ ЗАКОН ЗА ФИЛМСКИОТ ПРИДОНЕС

Се прогласува Основниот закон за филмскиот придонес, што го усвои Сојузната скупштина, на седницата на Сојузниот собор од 19 јули 1968 година и на седницата на Стопанскиот собор од 19 јули 1968 година.

ПР бр. 694
20 јули 1968 година
Белград

Претседател,
на Републиката,
**Јосип Броз Тито**, с. р.

Претседател
на Сојузната скупштина,
**Милентије Поповиќ**, с. р.

## ОСНОВЕН ЗАКОН

### ЗА ФИЛМСКИОТ ПРИДОНЕС

Член 1

Републиката може да воведе филмски придонес.

Член 2

Филмскиот придонес го плаќа гледачот на филмот.

Член 3

На 31 декември 1968 година престануваат да важат: Одредбите на точката 2 член 36 од Законот за утврдување на вкупниот приход и доход на стопанските организации („Службен лист на ФНРЈ", бр. 8/61, 26/61, 12/62 и 12/63 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 52/63, 14/65 и 35/65), одредбите на чл. 6 и 7 од Уредбата за посебните услови за распределба на доходот на некои видови стопански организации („Службен лист на ФНРЈ", бр. 32/62) што се однесуваат на придонесот од прометот на филмови; Наредбата за начинот на уплатување на придонесот од прометот на филмови, за определувањето на основите за распределба на средствата од тој придонес и за распоредот на тие средства на претпријатија за снимање на филмови („Службен лист на ФНРЈ", бр. 45/58, 1/61 и 48/61).

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ", а ќе се применува од 1 јануари 1969 година.

---

**385.**

Врз основа на членот 217 став 1 точка 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, издавам

## У К А З

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ПОСЕБНИ СРЕДСТВА ЗА УЧЕСТВО НА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СПОРТИСТИ НА ОЛИМПИСКИТЕ ИГРИ

Се прогласува Законот за обезбедување посебни средства за учество на југословенските спортисти на Олимписките игри, што го усвои Сојузната скупштина, на седницата на Сојузниот собор од 19 јули 1968 година и на седницата на Стопанскиот собор од 19 јули 1968 година.

ПР бр. 705
19 јули 1968 година
Белград

Претседател
на Републиката,
**Јосип Броз Тито**, с. р.

Претседател
на Сојузната скупштина,
**Милентие Поповиќ**, с. р.

## З А К О Н

### ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ПОСЕБНИ СРЕДСТВА ЗА УЧЕСТВО НА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СПОРТИСТИ НА ОЛИМПИСКИТЕ ИГРИ

Член 1

Со цел да се обезбеди дел од средствата за подготвување и за учество на југословенските спортисти на Олимписките игри, со воведува „Олимписка недела", што ќе се одржува секоја година.

Датумот на одржувањето на „Олимписката недела" го утврдува Југословенскиот олимписки комитет во спогодба со Југословенската заедница на ПТТ.

Член 2

Југословенскиот олимписки комитет може за време на „Олимписката недела" да организира и спроведува акции на присобирање доброволни прилози од граѓани и работни организации.

Член 3

За време на „Олимписката недела" работните организации на поштенскиот сообраќај се должни да наплатуваат во корист на Југословенскиот олимписки комитет по 10 пари на сите поштенски пратки во внатрешниот сообраќај, освен на пратките на весници и списанија.

Југословенскиот олимписки комитет и Југословенската заедница на ПТТ ќе се спогодат за начинот на спроведувањето на наплатата од ставот 1 на овој член, како и за височината на надоместокот за направените услуги на работните организации на поштенскиот сообраќај што во времето на „Олимписката недела" ќе вршат наплата во корист на Југословенскиот олимписки комитет.

Член 4

Паричните средства наплатени според членот 3 од овој закон, работните организации на поштенскиот сообраќај ги уплатуваат на жиро-сметката на Југословенскиот олимписки комитет, веднаш по пресметувањето и наплатувањето, а најдоцна до крајот на наредниот месец.

Член 5

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

---

**386.**

Врз основа на членот 10 од Законот за сојузниот буџет за 1968 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 54/67 и 30/68), Сојузниот извршен совет донесува

## О Д Л У К А

### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ПРЕМИЈА ЗА ВОЛНА ЗА 1968 ГОДИНА

1. На работните организации што се занимаваат со производство на волна или вршат откуп на волна им се исплатува премија за количините на мерино или полумерино волна од домашно производство продадени и испорачани од денот на влегувањето во сила на оваа одлука до 31 декември 1968 година на работни организации што се занимаваат со преработка на волна, како и за количините на мерино или полумерино волна што во тој период ги преработиле во своите погони.

2. Премијата од точката 1 на оваа одлука ќе се исплатува од средствата распоредени за Сојузниот секретаријат за стопанство во сојузниот буџет за 1968 година — за итервенции во стопанството.

3. Премијата од точката 2 на оваа одлука ќе се исплатува од средствата распоредени за Сојузниот секретаријат за стопанство во сојузниот буџет за 1968 година — за итервенции во стопанството.

| | Динари |
|---|---|
| 1) за волна мерино I класа — — — | 7,60 |
| 2) за волна полумерино Iа класа — — | 7,00 |
| 3) за волна полумерино Iб класа — — | 6,50 |

4. Се овластува сојузниот секретар за стопанство да донесе, во спогодба со сојузниот секретар за финансии, поблиски прописи за начинот и постапката за остварување на премиите од оваа одлука и да ја утврди документацијата што корисниците на премијата треба да ја поднесат кон барањето за премија.

5. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 95
20 јули 1968 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Мика Шпиљак**, с. р.

---

**387.**

Врз основа на членот 20 став 3 и членот 25 став 2 од Законот за Царинската тарифа („Службен лист на СФРЈ", бр. 34/65, 49/66, 5/67, 54/67, 9/68, 22/68 и 30/68), Сојузниот извршен совет донесува

## О Д Л У К А

### ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ЦАРИНСКИТЕ СТОПИ ЗА УВОЗ НА ОПРЕДЕЛЕНИ ПРОИЗВОДИ

1. Царинските стопи пропишани со Царинската тарифа што е составен дел од Законот за Царинската тарифа, се зголемуваат:

1) за 30% за производите наведени во следните тарифни броеви односно ставови;
37.03 точка 2,
37.08;
2) за 40% за производот наведен во следниот тарифен број односно став:
51.03 точ. 1 и 2;
3) за 50% за производите наведени во следните тарифни броеви односно ставови:
28.03 точка 1,
28.21 точка 1 под а) и б),
28.35 точка 1 под а),
28.38 точка 1 под п),
28.40 точка 3 под г) под 1,
28.47 точка 1 под а) и б),
35.01 точка 1,
35.03 точ. 1 и 2,
37.03 точка 1,
39.01 точка 1 под в), точка 2 под в) и точка 7,
39.02 точка 2,
48.07 точка 1,
48.11 точ. 1, 2 и 3,
48.12 точ. 1 и 2,
48.13 точ. 1, 2 и 3,
48.14
48.15 точ. 1, 2, 3, 4 и 5,
48.16 точ. 1 и 2,
48.17
48.18
48.19
48.20
48.21 точ. 1, 2, 3, 4, 5 и 6,
49.10
49.11 точка 2 и 3 под б) и точка 5,
51.01 точка 1 под а) и в) и точка 2 под а) и г),
56.01 точ. 1 и 2 под а) и б)
56.02
56.04 точка 1 под а) и б) и точка 2 под а) и б),
56.05 точ. 1 и 2,
59.17 точка 2 под а) и б),
85.25 точка 1 под а) и б) и точка 3.

2. Овластувањето од сојузниот секретар за финансии и од сојузниот секретар за надворешна трговија од точката 3 на Решението за определување царински контингенти („Службен лист на СФРЈ", бр. 34/65, 27/66, 48/67, 54/67 и 8/68) се применува во поглед на стопата од точката 1 на оваа одлука.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 97
20 јули 1968 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Мика Шпиљак**, с. р.

## 388.

Врз основа на членот 54 став 4 од Законот за прометот на стоки и услуги со странство („Службен лист на ФНРЈ", бр. 27/62 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 14/65, 28/66 и 54/67), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ОБВРСКАТА ЗА СПОГОДУВАЊЕ НА СТОПАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ПРИ УВОЗОТ НА ЦИГАРИ, ПУРИ И ДРУГИ ТУТУНОВИ ПРЕРАБОТКИ

1. Увоз на цигари, пури и други тутунови преработки може да се врши само во рамките на спогодба за надворешнотрговската соработка што ќе ја склучат стопанските организации на односната група-ција во смисла на членот 54 од Законот за прометот на стоки и услуги со странство, а во согласност со Одлуката за постапката за склучување спогодби на стопанските организации за соработка во надворешнотрговскиот промет („Службен лист на СФРЈ", бр. 16/68). Со оваа спогодба треба особено да се обезбеди поврзувањето на увозот на цигари, пури и други тутунови преработки со извозот на тутун и тутунови преработки од домашно потекло, и да се определат носителите на работите за извршување на односната спогодба.

2. Ако спогодбата од точката 1 на оваа одлука, не се постигне во рок од 3 месеци од денот на влегувањето во сила на оваа одлука, надворешнотрговскиот промет на производите од точката 1 на оваа одлука ќе се врши под условите што ќе ги пропише Сојузниот извршен совет. До влегувањето во сила на прописите на Сојузниот извршен совет надворешнотрговскиот промет на тие производи ќе се врши според важечките прописи.

3. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

**Сојузен извршен совет**

Р. п. бр. 98
10 јули 1968 година
Белград

Претседател,
**Мика Шпиљак**, с. р.

## 389.

Врз основа на членот 10 од Законот за измени и дополненија на Законот за Тарифата на сојузниот данок на промет („Службен лист на СФРЈ", бр. 52/66), во спогодба со сојузниот секретар за стопанство, сојузниот секретар за финансии издава

## НАРЕДБА

### ЗА НАЧИНОТ НА ВРШЕЊЕТО НА ПОПИСОТ НА СТОКИТЕ ЗА КОИ СЕ МЕНУВААТ СТОПИТЕ НА СОЈУЗНИОТ ДАНОК НА ПРОМЕТ НА СТОКИ НА МАЛО И ЗА НАЧИНОТ НА ПРЕСМЕТУВАЊЕТО И УПЛАТУВАЊЕТО НА ТОЈ ДАНОК

1. Продавачите на масло за горење на чиј промет се плаќа сојузен данок на промет на стоки на мало по даночните стопи изменети односно воведени со Законот за измени и дополненија на Законот за Тарифата на сојузниот данок на промет („Службен лист на СФРЈ", бр. 30/68), ќе пресметуваат и уплатуваат данок на промет на стоки на мало по тие стопи од денот на влегувањето во сила на тој закон.

2. Продавачите на масло за горење на чиј промет се плаќа сојузен данок на промет на стоки на мало по стопите од точката 1 на оваа наредба,а кои ја зголемуваат продавната цена на маслото во која е вклучен и данокот на промет на стоки на мало, се должни на 25 јули 1968 година со попис да ја утврдат состојбата на залихите на маслото за горење што по тој ден ќе го продаваат по зголемените продавни цени.

Одредбите од ставот 1 на оваа точка се однесуваат само на продавачите на мало на масло за горење (пумпни станици и други продавачи на мало) што маслото за горење на залихи го водат по продавната цена на мало во која е вклучен данокот на промет на стоки на мало.

3. Даночните обврзници од точката 1 на оваа наредба што не ги зголемуваат продавните цени на — производителите и продавачите на големо на масло за горење што маслото на залихи не го водат по продавната цена во која е вклучен данокот на промет на стоки на мало, не се должни да вршат попис на залихите на стоките според оваа наредба.

4. Продавачите на мало на масло за горење (пумпни станици и други продавачи на мало) ќе извршат попис на залихите на маслото и ќе го укалкулираат во новата продавна цена соодветниот износ на данокот според новите даночни стопи.

5. Записниците за пописот на залихите што се врши во смисла на точ. 2 и 4 од оваа наредба даночните обврзници ѝ ги доставуваат на Службата на општественото книговодство кај која имаат жиро-сметка.

6. Оваа наредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 4-2-5997/1
20 јули 1968 година
Белград

Сојузен секретар
за финансии,
**Јанко Смоле**, с. р.

**390.**

Врз основа на членот 4 став 1, членот 25 став 4 и членот 29 став 1 од Законот за југословенските стандарди („Службен лист на ФНРЈ", бр. 16/60 и 30/62), директорот на Југословенскиот завод за стандардизација донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА ПЛОЧИ ВЛАКНАТИЦИ

1. Во Решението за југословенските стандарди за плочи влакнатици („Службен лист на СФРЈ", бр. 22/68) по точката 3 се додава нова точка 4, која гласи:

„4. Југословенскиот стандард Испитување на лесонит-плочи. Земање мостри — JUS D.A1.080, што е донесен со Решението за југословенските стандарди за испитување на дрвото, споеното дрво и лесонит-плочите („Службен лист на ФНРЈ", бр. 47/57), се става вон сила."

2. Ова решение влегува во сила на 1 јануари 1969 година.

Бр. 06-4074/1
10 јули 1968 година
Белград

Директор
на Југословенскиот завод
за стандардизација,
**Славољуб Виторовиќ**, с. р.

**391.**

Врз основа на членот 14 став 3 и членот 15 став 2 од Законот за Народната банка на Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 12/65 и 47/66), гувернерот на Народната банка на Југославија донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА ВИСОЧИНАТА НА ЗАДОЛЖИТЕЛНАТА РЕЗЕРВА НА ДЕЛОВНИТЕ БАНКИ КАЈ НАРОДНАТА БАНКА НА ЈУГОСЛАВИЈА

1. Во Одлуката за височината на задолжителната резерва на деловните банки кај Народната банка на Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 51/66, 48/67, 5/68, 11/68, 17/68 и 25/68) во точката 1 став 1 процентот: „31%" се заменува со процентот: „25%".

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

О. бр. 77
19 јули 1968 година
Белград

**Народна банка на Југославија**

Гувернер,
др **Никола Миљаниќ**, с. р.

**392.**

Врз основа на точката 6 став 2 од Одлуката за регулирање на односите на деловните банки со Народната банка на Југославија по работите на краткорочното кредитирање („Службен лист на СФРЈ", 50/66, 11/67, 29/67, 48/67, 8/68, 17/68, 23/68 и 27/68), гувернерот на Народната банка на Југославија донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ВРАЌАЊЕ НА ДЕЛ ОД ПОСЕБНИОТ КРЕДИТ НА ДЕЛОВНИТЕ БАНКИ КАЈ НАРОДНАТА БАНКА НА ЈУГОСЛАВИЈА

1. Деловните банки што користат посебен кредит од точката 6 став 1 од Одлуката за регулирање на односите на деловните банки со Народната банка на Југославија по работите на краткорочното кредитирање, должни се на Народната банка на Југославија да ѝ вратат дел од тој кредит во износот за кој им е намалена задолжителната резерва во смисла на точката 1 став 1 од Одлуката за височината на задолжителната резерва на деловните банки кај Народната банка на Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 51/66, 48/67, 5/68, 11/68, 17/68, 25/68 и 30/68).

2. Делот на посебниот кредит, утврден во смисла на точката 1 на оваа одлука, деловните банки се должни да ѝ го вратат на Народната банка на Југославија истовремено со повлекувањето на средствата врз основа на пресметката на задолжителната резерва по стопа од 25%.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

О. бр. 78
19 јули 1968 година
Белград

**Народна банка на Југославија**

Гувернер,
др **Никола Миљаниќ**, с. р.

**393.**

Врз основа на членот 136 став 4 од Основниот закон за организацијата и финансирањето на социјалното осигурување („Службен лист на СФРЈ", бр. 24/65, 57/65, 29/66, 52/66, 12/67 и 54/67), Собранието на Југословенската заедница на социјалното осигурување донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ И ЗА ОСНОВИТЕ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПРАВОТО ПО ОСНОВОТ НА СОЦИЈАЛНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЛИЦАТА ЗАПОСЛЕНИ ВО СТРАНСТВО

1. Југословенските државјани што во странство стапиле во работен однос кај меѓународни или други организации по основот на меѓународни договори или кај странски работодавци ако за тоа време се осигурени кај југословенски носител на осигурување, ги плаќаат основните придонеси за социјално осигурување од основиците и по стопите што се утврдени со оваа одлука.

2. Како основица за пресметување и плаќање на основниот придонес за социјално осигурување на лицата што врз основа на меѓународни договори стапиле во работен однос кај меѓународни или други организации, како и на лицата запослени во странство кај организација во чие основање, управување или финансирање учествуваат југословенски организации (мешани друштва и сл.), се зема просечниот месечен износ на личниот доход што осигуреникот го остварил според завршната сметка за изминатата година на работното место на кое бил запослен пред запослувањето во странство, со тоа што за подоцнежните години како основ за плаќање на придонесот се зема износот на тој просечен личен

доход валоризиран со примена на валоризационите коефициенти определени за пресметување на личните доходи што влегуваат во пензискиот основ. Вака утврдената основица не може да биде пониска од паушалните основици предвидени со оваа одлука.

Како основица за пресметување и плаќање на основниот придонес за социјално осигурување на лицата што стапиле во работен однос кај странски работодавец, се зема паушалната основица во нето-износ, и тоа:

1) од 1.550 динари месечно — за лица со висока стручна спрема и за лица запослени на странски бродови во својство на капетан на долга пловидба или машинист од I класа;

2) од 1.150 динари месечно — за висококвалификувани работници и лица со виша стручна спрема, како и за лица запослени на странски бродови во својство на капетан на крајбрежна пловидба, поручник на трговска морнарица, машинист од II класа, машинист од III класа или радио-телеграфист;

3) од 950 динари месечно — за квалификувани работници и лица со средна стручна спрема, како и за лица запослени на странски бродови во својство на водач на палуба, водач на машини, кормилар, огнар, подмачкувач, I готвач, I келнер, дрводелец, механичар, електричар, моторист, бродоводач или радиофонист;

4) од 750 динари месечно — за приучени работници и лица со нижа стручна спрема, како и за лица запослени на странски бродови во својство на морнар, II готвач, II келнер, јагленар, приправник на палуба (кадет), асистент на машини или асистент на радиофонија;

5) од 600 динари месечно — за неквалификувани работници и лица без стручна спрема, како и за лица запослени на странски бродови во својство на младич на палуба, младич на соба, младич на кујна или чистач.

Стручната спрема и квалификацијата се оценуваат според прописите што важат во Југославија.

3. Лицата од точката 1 на оваа одлука плаќаат основни придонеси:

1) за здравствено осигурување — по стопа од 15%;

2) за инвалидско и пензиско осигурување — по стопа од 18%.

Лицата од точката 1 на оваа одлука што се здравствено осигурени според Основниот закон за здравственото осигурување („Службен лист на ФНРЈ", бр. 22/62 и 53/62 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 15/65, 29/66, 52/66 и 23/67), плаќаат и посебни придонес за користење здравствена заштита во странство според Одлуката за височината на посебниот придонес за користење здравствена заштита во странство („Службен лист на СФРЈ", бр. 2/67). Овој придонес се пресметува од основиците утврдени според одредбите на точката 2 ст. 1 и 2 од оваа одлука.

4. Лицата од точката 1 на оваа одлука на кои здравственото осигурување им го обезбедува странски носител на осигурување, па затоа не се осигурени според Основниот закон за здравственото осигурување, плаќаат основен придонес за инвалидско и пензиско осигурување по стопа од 18%. Овие лица плаќаат и посебен придонес за здравствено осигурување на членовите на потесното семејство што престојуваат во Југославија, ако со здравственото осигурување на тие лица во странство не е обезбедена и здравствена заштита за членовите на нивните семејства.

5. Основиците од точката 2 став 2 на оваа одлука и придонесите од точката 3 на оваа одлука за наредните години ќе се усогласуваат со движењето на личните доходи во Југославија.

6. Лицата од точката 1 на оваа одлука ги плаќаат придонесите од точ. 3 и 4 на оваа одлука во валутата во која го примаат личниот доход. По исклучок, посебниот придонес за здравствено осигурување на членовите на потесното семејство што престојуваат во Југославија тие лица можат да го плаќаат во динари.

7. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за придонесите за социјално осигурување и за пензиските основи на лицата запослени во странство („Службен лист на СФРЈ", бр. 2/67).

8. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

СК. бр. 17
8 јули 1968 година
Белград

**Собрание на Југословенската заедница на социјалното осигурување**

Потпретседател,
**Васо Трикиќ**, с. р.

**394.**

Врз основа на членот 124 од Основниот закон за организацијата и финансирањето на социјалното осигурување („Службен лист на СФРЈ", бр. 24/65, 57/65, 29/66, 52/66, 12/67 и 54/67), Собранието на Југословенската заедница на социјалното осигурување донесува

## ТАРИФА НА ПРЕМИЈАТА

### ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНО РЕОСИГУРУВАЊЕ НА РИЗИЦИТЕ НА ИНВАЛИДСКОТО И ПЕНЗИСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ ЗА 1968 ГОДИНА

1. Премијата за реосигурување на ризиците на инвалидското и пензиското осигурување предвидени во членот 122 став 1 точ. 2 и 3 од Основниот закон за организацијата и финансирањето на социјалното осигурување ќе се пресметува и исплатува за 1968 година по стопата определена со оваа тарифа.

2. Премијата за реосигурување на ризиците од точката 1 на оваа тарифа изнесува 0,39% (процент).

3. Премијата за реосигурување на ризиците се пресметува од основицата што ја сочинува уплатениот основен придонес за инвалидско и пензиско осигурување, односно од основицата утврдена според формулата $\frac{S \times 11{,}43}{s}$, при што е S = износот на уплатениот основен придонес за инвалидско и пензиско осигурување, s = стопа по која е уплатен основниот придонес за инвалидско и пензиско осигурување, а 11,43 = број што ја означува просечната стопа на основните придонеси за инвалидско и пензиско осигурување спрема која е утврдена стопата на премијата.

4. Премијата за реосигурување на ризиците по стопата определена во оваа тарифа ќе се пресметува и уплатува од придонесите уплатени од 1 јануари 1968 година, на кој ден престанува да важи Тарифата на премијата за задолжително реосигурување на ризиците на инвалидското и пензиското осигурување за 1967 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 2/67) и Одлуката за измени на Тарифата на премијата за задолжително реосигурување на ризиците на инвалидското и пензиското осигурување за 1967 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 47/67).

5. Оваа тарифа влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

СК. бр. 18
8 јули 1968 година
Белград

**Собрание на Југословенската заедница на социјалното осигурување**

Потпретседател,
**Васо Трикиќ**, с. р.

**395.**

Врз основа на членот 35 став 1 од Основниот закон за здравственото осигурување („Службен лист на ФНРЈ", бр. 22/62 и 53/62 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 15/65, 29/66, 52/66 и 23/67), по претходно прибавено мислење од Сојузниот завод за здравствена заштита, Собранието на Југословенската заедница на социјалното осигурување донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗМЕНА НА ЛИСТАТА НА ГОТОВИТЕ ЛЕКОВИ ШТО МОЖАТ ДА СЕ ПРОПИШУВААТ НА ТОВАР НА ФОНДОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ

1. Листата на готовите лекови што можат да се пропишуваат на товар на фондот на здравственото осигурување, која е составен дел на Одлуката за утврдување на Листата на лековите што можат да се пропишуваат на товар на фондот на здравственото осигурување („Службен лист на СФРЈ", бр. 32/67), се менува и гласи:

| Реден број | Назив на лекот | Производител на лекот | Форма на лекот | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 1 | Abehol | „Плива" | дражеи | |
| 2 | Abehol | „Плива" | капки | |
| 3 | Abehol | „Плива" | раствор за аеросол | |
| 4 | Abehol | „Плива" | сируп | |
| 5 | Abehol | „Плива" | таблети | |
| 6 | Acegit | „Лек" | раствор | |
| 7 | Acetysal | „Алкалоид", „Галеника", „Фармакос" и „Хемофарм" | таблети | |
| 8 | Acetysal | „Крка", „Серво Михаљ" и „Здравље" | таблети | |
| 9 | Acisal | „Плива" | таблети | |
| 10 | Acranil | »Bayer« | таблети | |
| 11 | Acutil | »Italseber« | таблети | |
| 12 | Acylanid | „Босналијек" | капки | |
| 13 | Acylanid | »Sandoz« | супозитории | |
| 14 | Acylanid | »Sandoz« | таблети | |
| 15 | Acynorm | „Крка" | дражеи | |
| 16 | Adimicin | „Плива" | капсули | |
| 17 | Adimicin | „Плива" | суспензија | |
| 18 | Akineton | „Лек" | таблети | |
| 19 | Akva-PAS | „Плива" | таблети | |
| 20 | Albothyl | »Byk Gulden« | гел | |
| 21 | Albothyl | »Byk Gulden« | концентрат | |
| 22 | Albothyl | »Byk Gulden« | овули | |
| 23 | Aldomet | „Лек" | таблети | |
| 24 | Aleudrin | „Здравље" | капки | |
| 25 | Aleudrin | „Здравље" | таблети | |
| 26 | Alfimid | „Плива" | таблети | |
| 27 | Alfucin | „Алкалоид" | маст | |
| 28 | Alfucin | „Алкалоид" | пудра | |
| 29 | Alfuran | „Алкалоид" | дражеи | |
| 30 | Alfuran | „Алкалоид" | таблети | |
| 31 | Al-PAS | „Алкалоид" | таблети | |
| 32 | Alupent | „Здравље" | таблети | |
| 33 | Alupent | „Здравље" | аеросол за дозирање, со цевки за уста | |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| 34 | Alupent | „Здравље", | аеросол за дозирање, без цевки за уста | |
| 35 | Ambramycin | „Галеника" | капсули | |
| 36 | Ambramycin | „Галеника" | капки за деца | |
| 37 | Ambramycin | „Галеника" | маст | |
| 38 | Ambramycin | „Галеника" | маст за очи | |
